СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 14 февруари 1992 година

Скопје, февруари 1992 година

**ДИСКУТАНТИ НА 33-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14.II.1992 ГОДИНА**

Дневен ред: 21 стр.

1. АНДОВ СТОЈАН - 5, 12, 20
2. АЛИУ ЕШТРЕФ - 42
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 56, 57
4. АБДИ ФАИК - 66, 97
5. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 45
6. ЖУТА БЕЌИР (од Владата) - 8, 40
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 43
8. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 7, 10, 13, 14, 53
9. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 1, 4
10. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 34, 36
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 86
12. МАЛЕВСКИ ДЕНКО - 67
13. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 41
14. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 30, 34, 35, 36, 58, 64
15. ПОПОВОКИ ДИМИТАР - 28
16. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 23, 26, 30, 94
17. РИСТЕВСКИ БЛАЖЕ (од Владата) - 49
18. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 47
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 33, 44, 45
20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 42, 55
21. САБРИУ ИЛИЈАЗ - 56
22. СЕЛМАНИ АСЛАН - 60
23. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 80
24. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 89
25. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН – 39, 41, 101, 105
26. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 24, 27
27. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 83

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од 33-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 14 февруари 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, Ја отворам 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Доста Димовска,Драги Арсов, Борис Змејковски Ратка Димитрова, Билјана Лазаревска, Јаким Ивановски, Славјанка Стојанова, Шабан Превала, Душко Арсовски и Симеон Ивановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седница.

Записниците од 25-та, 26-та. 27-та и 28-та седница на Собранието на Република Македонија Ви се доставени.

Молам дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ова е наша 33-та седница, а имаме записници за усвојување доставени од 25-та, 26-та, 27-та и 28-та седница. Записникот од 27-та седница јас не сум го добил. Значи, не работиме правно.

Исто така, за пратеничките прашања решивме за наредната седница па еве и пратенички прашања не поставуваме. Значи нешто не е во ред. Во врска со записниците имам нешто да кажам.

Ние веќе ја одржуваме 33-та седница на Собранието во овој состав, а записниците од претходните седници не ни се доставуваат за усвојување на пропишаниот начин според Деловникот. Таков исклучок Деловникот не предвидува што значи работиме спротивно од неговите пропишани правила.

Да ве потсетам на член 152 од Деловникот на Социјалистичка Република Македонија кој вели "да се применува записникот од претходната седница да им се испраќа на сите пратеници 8 дена од денот на одржувањето на наредната седница'.

Според член 114 од истиот Деловник пратениците имаат право да ставаат забелешки на записникот од наредната седница пред да се утврди дневниот ред на наредната седница. Уште понапред дека е деловник од Социјалистичка Република Македонија, што значи имаме стар Деловник, но затоа имаме и нов Устав. Тоа ја потврдува тезата за континуитетот на болшевичката власт во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да ви укажа. Вие зборувате не за овие записници, туку за Деловникот или за Уставот. Не знам за што зборувате.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас немам записник од 31-та седница добиено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од тие записници што ги имате добиено, на кој записник имате забелешка?

**КИРИЛ КОВАЧЕВКСИ:**

Јас немам од 31-та, дајте ми од 31-та седница...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе го добиете ќе ви дадам збор.

**КИРИЛ КОВАЧЕВКСИ:**

Ама сега треба јас...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, напуштете ја говорницата, ве молам, пак кога ќе го добиете записникот ќе ви дадам збор.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Ама, сега треба да зборуваме за 31-та седница. Во Деловникот пишува "претходна седница".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви биде доставен.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Како може да напуштам јас... Дали сте во право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако немате пред себе записник, немате забелешка.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Вие сте должни да ми дадете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ќе ви дадеме кога ќе биде готов.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Сега да ми дадете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, кога ќе биде готов.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Не, 8 дека пред оваа седница.

**СТОЈАН ДАНДОВ:**

Добро, Ве молам напуштете ја говорницата.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Значи, ме бркате од говорница?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој записник не е доставен. Кажете за кој записник имате забелешка. Еве опструкцијата што е господо.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас сакам за претходната седница, вие не сте ми дале и допуштете да довршам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само Ве молам, немојте за Уставот и Деловникот, тоа не е на дневен ред. Немаме расправа за тоа.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Мора ова да се каже. Треба да знаат пратениците како се работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знаат пратениците. Тие исто така го имаат Деловникот и Уставот. Ќе добиете збор кога тие прашања ќе бидат на дневен ред.

**КИРИЛ КОВАЧВЕВСКИ:**

Покрај тоа нагласувам дека од секретарот не можеме На бараме одговорност бидејќи не е именуван, а сепак не можеме да продолжиме вака да работиме. Досега што не е именуван секретарот и работиме со стар

деловник не е ни тој одговорен, ако не е претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој има забелешка на записниците што ви се доставени? (нема)

Констатирам дека записниците од 25-та, 26-та . 27-та и 28-та седница се усвоени без забелешка.

За денешната седница поканети се: претседателот на Републиката Киро Глигоров, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија и Македонската Радио и Телевизија.

Предлагам дел од пратеничките прашања да го поминеме пред исцрпување на дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Значи, се согласувате.

Врз основа на Предлогот на Комисијата за уставни прашања за потребата од донесување на закон за празниците во Република Македонија, предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок:

Прво, се задолжува Комисијата за уставни прашања да организира подготвување на текст на Предлогот за донесување на закон за празниците на Република Македонија во кој што ќе се утврди одбележување на значајни историски настани како државни празници во Република Македонија и ќе се определи одбележување на други значајни датуми и личности во Република Македонија.

Второ, овој Заклучок да се достави до Комисијата за устави прашања на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? /нема/

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Пратеничката група на Реформските сили Либерална партија согласно член 2 од Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето тековите на општествената репродукција на Република Македонија предлага Собранието на Република Македонија да ја задолжи Владата на Република Македонија да подготви и на Собранието да и достави извештај за преземените мерки по основ на Законот.

Кој е за предлогот, молам да крене рака (54)

Дали има некој против? /нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на пратеничката група Реforсмки сили Либерална партија.

Ве известувам дека Комисијата за здравство и Комисијата за заштита на човековата околина ги разгледаа Основите на здравствената политика за спроведување на стратегијата на Светската здравствена организација "Здравје на сите до 200-та година" и му предлагаат на Собранието да не расправа по овој материјал, туку да послужи за информирање на пратениците во Собранието.

Кој е за предлогот на комисиите, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Предлогот на Комисите е усвоен.

Пратеникот Љупчо Јакимовски предложи Собранието да донесе одлука за престанување на важноста на Општествениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно политички весници во Република Македонија.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Во функција на поголема ефикасност на работата на Собранието го повлекувам Предлогот Собранието да донесе одлука. Ми се чини може би тоа е пресилен акт за оваа работа и дека Собранието да го усвои следниот заклучок.

Врз основа на член 32 алинеја 7 од Деловникот на Собранието на Република Македонија на седницата што се одржа на 14 февруари 1992 година,Собранието на Република Македонија го усвои следниот заклучок:

Собранието констатира дека престанува важноста на Општествениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно политички весници во Социјалистичка Република Македонија ("Службен весник на СРМ" број 43/81).

Се задолжува Владата на Република Македонија до 15 мар 1992 година на Собранието да му предложи нова форма за решение на учеството на Републиката во помагањето на развојот на дневните и ревијални весници и списанија што излегуваат во Република Македонија. При изработката на новото решение Владата да ги има предвид новите плуралистички демократски услови кои настапија во Република Македонија, и напорите за заживување на пазарните услови за стопанисување.

Актот за учеството на Република Македонија во помагањето на развојот на дневните и ревијалните весници и списанија што излегуваат во Република Македонија ќе го донесе Собранието, до крајот на март 1992 година, а ќе се примени во Предлогот на Буџетот за 1992 година.

Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

Мислам дека во функција на поголема ефикасност е да избегнеме расправа по ова прашање и предлагам да го усвоиме само овој заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали е потребно да се отчука, умножи и подели на пратениците и да мине постапка на Комисијата, или можеме да год адеме на разјаснување.

Има збор господинот Беќир Жута.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Предметниот општествен договор, за кој станува збор и по повод на кој се упатува барање да се донесе заклучок дека престанува да важи, тој сам по себе заклучно со 1990 година престанува да важи, затоа што и за тој период бил донесен.

Владата на Република Македонија на вчерашната седница расправајќи и по ова прашање донесе соодветни заклучоци, со оглед дека им беше упатено и покрај тоа што фактички престанал да важи затоа што тој беше димензиониран во периодот од 1981 до 1990 година. Но, и

формално правно требало да се донесе заклучок, па. и тој заклучок од страна ка Владата ка вчерашната седница се донесе дека тој Општествен договор престанува да се применува во 1992 година.

Второ, текстот на заклучокот што го предлага пратеникот Јакимовски ги проширува и одредените димензии кои се сведуваат на тоа дали да престане, односно дека престанува Општествениот договор.

Мислам дека со заклучокот на Владата тој и формално е исфрлен од правниот поредок иако е самиот исклучен од тој правен поредок затоа што има временска димензија на негова примена. Меѓутоа, со заклучокот што беше цитиран се дава задача дека треба да се утврдат критериуми и мерила за финансирање кои треба да бидат предложени на Собранието. Молам, да се има предвид дека Владата на Република Македонија расправајќи по ова прашање на неколку наврати задолжуваше одредени надлежни министерства да се ангажираат за да изготват определени критериуми и мерила за да брз база на објективни критериуми и мерила тече и процесот на финансирањето и сметам дека е тоа во нејзина надлежност и во таа смисла треба да утврдува свои одлуки со кои ќе ги утврдува критериумите и мерилата за финансирање од една страна, а веројатно и одлука со која ќе опфати кој весници ќе бидат предмет на поддржување од страна на државата. Следствено на тоа, сметам дека прашањето добива свој токови и дали треба да биде предмет на расправа и понатаму,а сметам исто така дека е во надлежност на Владата и не знам дали Собранието треба да расправа по тоа прашање.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Покрај тоа што сакав да биде работата во функција на ефикасност на Собранието, изгледа ќе мораме и да не отвораме расправа, но морам да реплицирам на две три работи. Потпретседателот на Владата Бекир Жута рече дека овој договор формално- правно не постои од 1990 година. Во Буџетот за минатата година беа распределени средства врз основа на овој општествен договор, тој беше применет и минатата година. Тоа е 1991 година. Во Нацртот на буџетот кој што го усвоивме оваа година во ова Собрание, во образложението на Буџетот, исто така стои дека врз основа на општествениот договор, да не го цитирам целиот наслов, се доделуваат толку и толку средства. Значи, во најновиот акт кој што треба да биде предмет за оваа година се цитира и се повикува Министерството за финансии на овој општествен договор. Така да не држи мислењето дека овој договор формално- правно не постои, тој постои, тој се применува. Инсистирам Собранието да донесе заклучок ваков каков што предлагам од проста причина што овој општествен договор воопшто не е акт на Владата и Владата по никој основ нема право да го укинува и да го прогласува за неважечко.

Собранието можеби беше поумесно да донесе одлука со која истапува од учеството во овој општествен договор, но ми се чини дека е доволно и да констатира дека овој општествен договор не предизвикува никакви правни дејствија натаму, бидејќи од сите потписници кои што се под овој општествен договор, ги има осум или девет, единствено е останато само Собранието и Собранието го носи целиот товар и на останатите три потписници, тоа се Градската конференција на социјалистичкиот сојуз,

Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз и Собранието на Град Скопје кој во минатата година не учествуваше во реализација на овој општествен договор.

Потоа, прашањето околу надлежноста кој да решава за финансирањето на весниците,мислам дека не треба таа надлежност да и припадне на Владата, бидејќи според некои неофицијални сознанија се смета дека Владата ќе изгради критериуми врз кои ќе најде интерес да финансира одреден број списанија. Тоа е неприфатливо во никој случај, затоа што повторно Владата на некој му се прави мајка, а на некој маќеа, едни се попривилегирани за разлика од другите. Не знам според кои критериуми Владата ќе најде за сходно да каже на овие ќе им помака финансиски, а на овие нема да им помага. Во тој случај, очигледно ќе станува збор само за средства за информирање кои ќе и бидат лојални или по ќеф на Владата, па нив ќе ги финансира.

Мислам дека Собранието треба да го донесе актот за учеството на Републиката во средствата за информирање за материјалната положба нивна и сум на мислење дека со тоа треба да бидат зафатени сите средства за информирање во Републиката, нормално, тука ги исклучувам партиските, да не се залажуваме, да немаме никакви илузии, но оние независните и општествените, тие сите треба да бидат подеднакво третирани со финансиска помош, а критериум да биде пазарот, да не гради некои други критериуми Владата, освен пазарот. Пазарот ќе биде вистинскиот критериум, вистинскиот судија кој да опстане натаму, а кој да пропадне.

Мислам дека Владата е зрела за да може да оцени што е тоа што ќе го консумира и што е тоа што ќе го отфрли. Според тоа, останувам на заклучоците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде е неспорно кога го слушав господинот Жута за овој прв став Собранието констатира дека престанува важноста на општествениот договор.

**БЕКИР ЖУТА:**

Не е спорен, Владата го има тој заклучок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата не може за Собранието да донесе заклучок. Мора Собранието за себе да донесе заклучок. Тој е потписник. Ова се задолжува Владата на Република Македонија до 15 март на Собранието да му предложи нова форма за решение на учеството на Републиката во помагањето на развојот на дневните и девијантните весници и списанија што излегуваат во Република Македонија. При изработката на новото решение Владата да ги има предвид новите плуралистички и демократски услови кои настапија во Република Македонија и напорите за заживување на пазарните услови на стопанисување. Ве молам, или ние ова да го уврстиме во дневниот ред, па Владата уредно да си даде мислење. Ве молам, подобро е така, отколку господинот Жута да го тераме став по став да ни дава мислење, а можеби Владата и поинаку ќе го изработи наеднаш.

Предлагам да се отчука текстот што го предлага за заклучок господинот Јакимовски и да биде една од точките на денешната седница.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Мислам измените се незначителни, можеби и не мора да се пречукува текстот. Во заклучокот првиот став отпаѓа. Тој отпаѓа бидејќи Уставот практично не го третира прашањето на оваа категорија акти, општествени договори, само првиот став од заклучокот отпаѓа и се бришат бројките 1, 2 и 3.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Текстот го имате. Сега господинот Жута ми дава знак дека тие го немаат и го немаат разгледувано на Владата. Да го упатиме на мислење на Владата.

Ве молам, на првата седница Владата да го информира Собранието за мислењето овде.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Овој акт јас го поведов на Собранието на 6 февруари и Владата до сега требаше да си изгради свое мислење. Овој акт е заверен во Службата на Собранието на 6 февруари и Владата до сега требаше да изгради мислење, кое што требаше да биде доставено на пратениците на Парламентот. Исто така, околу ефикасноста на Владата, би сакал да спомнам дека ова исто Собрание на 30-тата седница заклучи, да достави еден материјал на 31-та седница, со кој што се задолжи Владата да го достави тој материјал, а еве дури на 33-та седница ние тој материјал го немаме добиено. Според тоа, предлогот за наредната седница го отфрлам и барам да се расправа на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Јакимовски да се уврсти на денешната 33-та седница, како последна точка, за да има време Комисијата да го погледне, а да се добие и мислење од Владата.

Молам, кој е за, нека крене рака. (47 пратеници).

Кој е против? (4 пратеници).

Кој е воздржан? (25) .

Не гласале сите, 47 пратеници гласале за, а 98 пратеници имаме во салата. Ве молам, не можеме да го утврдиме точниот број. Зошто некој не гласал? Предлогот не доби потребно мнозинство.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Зошто за некои заклучоци се бара прецизност, компјутерска, а за некои се поминува бегло така. Конкретно за првиот предлог кој што беше од Уставната комисија, се помина толку бегло, а некаде се бара компјутерска прецизност. Во меѓувреме веројатно некој од пратениците излегол. Не можеме да утврдиме колкав број имаме во салата. И сега наеднаш предлогот не помина со 47 гласа, а во прашање се само два пратеника. Во тој случај јас ќе побарам поименично гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За Предлогот на Уставната комисија 54 гласаа, а знаеме дека 98 има овде присутни. Ова се 47, па помалку од потребниот број. Во тоа е проблемот. Ве молам, пратеникот бара поименично гласање. Има ли 10 души што го поддржуваат предлогот? (Има).

Секретарот нека спроведе поименично гласање.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ, (за) ,
2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА, (за)
3. ХАМИД АЛИУ (против)
4. ЕШРЕФ АЛИУ, (воздржан)
5. СТОЈАН АНДОВ, (воздржан)
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ, (за)
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ, (за)
8. ТИМЕ АНДОНОВ, (за)
9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ, (за)
10. ДУШКО АРСОВСКИ, (отсутен)
11. ДРАГИ АРСОВ, (за)
12. БРАНКО АРСОВСКИ, (за)
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ, (за)
14. ЈОРАН БОШКОВ, (за)
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ, (воздржан)
16. ТОДОР ГАЈДАРЏИЈСКИ, (воздржан)
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ, (против)
18. ПЕТАР ГОШЕВ, (воздржан)
19. ТУШЕ ГОШЕВ, (за)
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ,(за)
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ, (за)
22. САНДЕ ДАВЧЕВ, (за)
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ, (отсутен)
24. ТОДОР ДИМОВ, (за)
25. ДОСТА ДИМОВСКА (отсутна)
26. РАТКА ДИМИТРОВА, (отсутна).

27. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ, (воздржан)
28. БОРКО ЃОРЧЕВСКИ, (за)
29. ДУШКО ЃОРЃЕСКИ, (отсутен)
30. ЗУДИ ЕМИНИ, (за)
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ, (воздржан)
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ, (за)
33. НАСЕР ЗИБЕРИ, (отсутен)
34. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ, (воздржан)
35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ, (отсутен)
36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ, (отсутен)
37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ, (отсутен)
38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ, (против)
39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ, (отсутен)
40. ИВАН ИВАНОВ, (отсутен)
41. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ (за).
42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ, (за)
43. РИСТО ЈОВАНОВ, (за)
44. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА,(за)
45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ,(воздржан)
46. ТАШКО КИРОВ, (за)
47. ЗОРАН КИТЕВ, (за)
48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ, (за)
49. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ, (за)
50. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ, (за)
51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ, (за)
52. НИКОЛА КРСТЕВСКИ, (за)
53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА, (отсутна)
54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ,(за)
55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ, (за)
56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ, (за)

57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ, (за)
58. ЕФТИМ МАНЕВ, (за)
59. СТРАШО МИЛКОВСКИ, (за)
60. ПАНЧО МИНОВСКИ, (отсутен)
61. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ, (воздржан)
62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ, (воздржан)
63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ, (за)
64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ, (воздржан)
65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ, (воздржан)
66. АВДИ МУРТЕЗАНИ, (воздржан)
67. НАИФ МУСТАФА, (отсутен)
68. СИМОН НАУМОВСКИ, (воздржан)
69. ПАНЧЕ НАСЕВ,(отсутен)
70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ, (отсутен)
71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ, (за)
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ, (отсутен
73. ЈОВАН НИКОЛОВ, (воздржан)
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ, (за)
75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ, (за)
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВСКИ, (за)
77. ТИТО ПЕТКОВСКИ,(воздржан)
78. ТОДОР ПЕТРОВ, (за)
79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ, (воздржан)
80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ, (за)
81. КИРО ПОПОВСКИ,(воздржан)
82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ, (воздржан)
83. ШАБАН ПРЕВАЛА, (воздржан)
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ, (воздржан)
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ, (воздржан)

86. НЕИМ СЕЛМАНИ,(воздржан)
87. ФЕРИД САДИКУ, (воздржан)
88. АСЛАН СЕЛМАНИ; (воздржан)
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ, (воздржан)
90. АЦО СПРИРОВСКИ, (за)
91. РИСТО СТАНКОВСКИ, (за)
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ, (против)
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА, (отсутна)
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ, (воздржан)
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ, (за)
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ, (за)
97. РИСТО СТАМЕНОВ, (против)
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ, (за)
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (воздржан)
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ,(воздржан)
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ, (за)
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ, (за)
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ, (за)
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ,(воздржан)
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ, (за)
106. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ; (за)
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ, (за)
108. АГИМ ФАЗЛИУ, (воздржан)
109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ, (за)
110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ,)против)
111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ,(отсутен)
112. СЕФЕДИН ХАРУНИ, (воздржан)
113. МУХАМЕД ХАЛИЛИ, (воздржан)
114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ, (воздржан)

115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ, (против)

116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ, (против)

117. АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ, (против)

118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ, (отсутен)

119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ, (за)

120. ХИСНИ ШАКИРИ, (против)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Педесет и три се за. Констатирам дека овој предлог е усвоен и да се уврсти како една од последните точки. Констатирам дека заради тоа што почнавме да работиме со 98 вкупен број на пратеници. Значи, има доволно мнозинство да се уврсти. Можам да прашам колку се против колку се воздржани. Службата ќе соопшти.

Еве соопштуваат дека 9 се против, 34 воздржани и 53,за. Според тоа констатацијата е точна и предлогот е уврстен во дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според предложениот дневен ред за денешната седница Собранието требаше да расправа по Предлогот за донесување на закон за одбрана.

Со оглед на новонастанатата состојба со повлекувањето на ЈНА од територијата на Република Македонија, се наметнува потребата за уредување" на одбраната на Република Македонија како суверена и самостојна држава, односно формирање на сопствена армија која ќе ја штити независноста и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Поради тоа, Владата предлага овој закон да се донесе по итна постапка на денешнава седница.

Ако има потреба од пошироко образложение за причините за донесување на овој закон по итна постапка, да го повикаме претставникот на Владата да го образложи? (Нема потреба).

Молам, кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Не е).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека предлогот за донесување на овој закон по итна постапка е усвоен.

Ве известувам дека добив допис од д-р Лидија Славевска што е доставен и до министерот за наука во кој се вели:

"Молам да се запре постапката за потврдување на изборот за директор на Институтот за старословенска култура Прилеп, бидејќи оценувам дека од објективни причини во вакви околности и односи не ќе бидам во можност и понатаму одговорно и со успех да ја извршувам оваа функција".

Предлагам оваа точка да се симне од дневен ред, а министерот нека види во што е работата, кои се објективните причини..

Кој е за предлогот, молам нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема). Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог на закон за одбрана;

2. Информација за меѓународната активност на Република Македонија?

3. Предлог за донесување на закон за државјанството на Република Македонија;

4. Предлог за донесување на закон за личната карта;

5. Предлог за донесување на закон за движење и престој на странците;

6. Предлог за донесување на закон за санитарна и здравствена инспекција;

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пописот на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1991 година, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

9. Предлог одлука за основање на Македонска информативна агенција "МИА";

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личното име;

11. Предлог на закон за ратификација на спогодбата за гаранција (Трет проект за секторот за патишта) со Меѓународната банка за обнова и развој;

12. Предлог на заклучоци по Анализата за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година;

13. "Радио- дифузната мрежа на Македонската радио-телевизија и покриеност на населението на Република Македонија со радио и телевизиски програми на Македонската радио-телевизија, со "Основен концепт иден проект за развој на сателитската радио-дифузија во рамките на МРТ", "Основен концепт идејно решение за краткобранов центар во радиодифузната мрежа на МРТ;

14. Нацрт на програма за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година;

15. Предлог на одлука за разрешување од функцијата Општински јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Охрид;

16. Предлог на одлука за избор на членови на конкурсни комисии за именување на индивидуални работоводни органи;

17. Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Земјоделскиот факултет во Скопје;

18. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Природонаучниот музеј на Македонија за именување на индивидуален работоводен орган на Музејот;

19. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на Народната и универзитетска библиотека "Климент Охридски" Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Библиотеката.

20. Предлог на заклучок во врска со примената на општествениот договор за заедничка политика за решаваше на материјалната положба и развој на дневните информативно- политички весници во СРМ.

Молам, дали во врска со дневниот ред некој бара збор?

Има збор господин Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

На минатата седница, последната, кога се утврдуваше дневниот ред побарав да се донесат Предлог на одлуки, Парламентот да донесе за повлекување на македонските спортисти и спортските клубови од лигите и репрезентативните селекции на остатокот од бившата Југославија. Се договоривме Владата да се произнесе во врска со тоа и ние денеска да ја разгледаме таа точка.

Сепак, и покрај тоа јас се потрудив и на 27 јануари доставив писмено барање до Владата, да се произнесе по тоа и дадов писмено образложение со тоа Предлог на барање во врска со истото.

Ако место Предлог на одлука треба да стои Предлог на заклучок, јас

го менувам и наместо одлука нека биде Предлог на заклучок, бидејќи, како што бев информиран деловнички не може да стои Предлог на одлука.

За ова прашање беше расправано на Комисијата за образование на. која што денеска бев поканет и би сакал, ваква преименувани како Предлог на заклучоци, да бидат ставени бо денешниот дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претседателот на Комисијата за образование, господинот Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Комисијата за образование, наука и култура денеска го разгледа Барањето на пратеникот Михаил Пановски Собранието на Република Македонија да донесе одлуки за повлекување на македонските спортисти од селекциите на редуцирана Југославија како и на клубовите од Македонија што се натпреваруваат во поедини лиги на редуциранатa Југославија.

Комисијата, многу позитивно ја оцени сериозноста во самиот пристап и отворањето на овој проблем и ^од страна на предлагачот, а и од сите учесници кои во периодот, од моментот на обнародување на ова барање, па се до денешниот ден учествуваа во расправата околу изнаоѓање најцелисходно решение.

Притоа, морам да истакнам дека при утврдувањето на заклучоците во Комисијата посебно поволно се оценети белешките што се доставени од Сојузот за физичка култура на Македонија од одржаните консултативни

состаноци на претставници на спортските организации и на СОФКА со лидери и претставници на политичките партии во Републикава што имаат претставници во Парламентот со поставувачот на прашањето пратеникот Михаил Пановски и со претставници на поедини ресорни органи.

Комисијата одлучи, со оглед на тоа што оваа Белешка извонредно добро ја прикажува целокупната активност околу разрешувањето на проблемот да се умножи и во текот на седницата да биде поделена на сите пратеници за да можат навреме и доследно да се информираат за се она што е направено по повод прашањето.

Темелејќи ги и своите согледувања на овие забелешки и на делот на учесниците кои денеска учествуваа во расправата, како и на излагањето на претставникот на ресорниот министер, господинот Бајалџиев и помошникот Таки Џиков, комисијата изготви Предлог на заклучоци. Можам да ви ги прочитам ако е потребно.

Комисијата заклучи дека е потребно пред да се произнесе Собранието по заклучоците, изготвените заклучоци од страна на Комисијата, заедно со мислењето кое што по ова прашање го достави Владата, да се препратат на СОФКА на Македонија која е подготвена во рок од една недела, во рамките на своите понови согледувања, иако и до сега постоеше нејзино мислење и тоа беше почитувано при формулирањето на нашите заклучоци, уште еднаш двата акта, мислењето на Собранието и Предлогот на заклучоците што Комисијата ги изготви и се подготвува да ги достави на ова Собрание, ги погледаат одново и придонесат за понатамошен, поконструктивен пристап кон разрешување на овие проблеми.

Затоа, Комисијата бара од Собранието да го поддржи овој нејзин заклучок, овие два документи да се доставаат до СОФКА, а за наредната

седница повторно да заседава Комисијата и на првата наредна седница на Собранието, Собранието да расправа и да донесе заклучоци во смисла на препорака како Владата да постапи, односно ресорното министерство, заради тоа што за оваа проблематика е надлежно само ресорното министерство, а Парламентот може да ја оцени политичката димензија на проблемот што е отворен.

Ако треба, подготвен сум да го прочитам Предлогот на заклучоците. Меѓутоа, ако се согласи Собранието да ги препратиме, како што препорачува Комисијата до СОФКА, тогаш ќе имаме време наредниот пат, со тие поосовременети заклучоци да се запознаеме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека оваа точка можеме денеска да ја ставиме на дневен ред, овој Предлог на заклучок од причини што има некол ку работи што сега ќе ги кажам а упатуваат на тоа.

Исто така, да нагласам дека ресорното министерство и потсекретарот за спорт, министерот, како и Комисијата навистина вложија големи напори по ова прашање и навистина го ценам нивниот труд.

Но, по предлогот на господин Ханџиски, би сакал да кажам, не би можел да се согласам до крај и сакам да кажам дека можеме денеска да го разгледуваме овој предлог од причина што уште во септември, не се сеќавам точно на датумот, министерството за образование и спорт даде препорака до спортистите на Македонија да не учествуваат во овие редуцирани лиги. Сојузот за физичка култура на Македонија не ја почитуваше таа препорака од Министерството и на свој ризик одлучи да учествува во овие лиги.

Тогаш го оправдував тој нивни став, меѓутоа, после тоа се случија доста промени. Знаеме дека изби војна на нашите простори, сите знаеме каква беше таа војна. После тоа, на 17 ноември како држава го дефиниравме својот статус како самостојна држава. На 15 јануари Југославија престана да постои, меѓународно беа признати Словенија и Хрватска. Значи, од тој момент до сега се случија доста промени кои, според мене, одат во прилог на мојот предлог.

Затоа предлагам денеска да ги разгледаме овие Предлог на заклучоци, па што ќе одлучи Собранието, тоа нека биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Ханџиски дали е тоа ваш предлог или предлог на Комисијата?

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Мислам дека бев јасен и дека нема потреба да излегувам повторно.

Во расправата на Комисијата беа искажани и мислењата на сите претставници на спортските работници. Ние сакаме да дојдеме до едно решение во кое што ќе ги постигнеме позитивните ефекти што се очекуваат, а нема да нанесеме штета на сите оние што се најзаинтересирани за оваа проблематика 'и сите оние кои сметаат дека со решенијата што тие ќе ги предложат ќе придонесат и за тоа за што се алудира дека преку нивните активности, настапи, ќе придонесат за афирмирање и зголемување на афирмитетот на Република Македонија, ќе се придонесе за нејзиното меѓународно признавање.

Претставниците на спортските работници инсистираа овие два документи што ги имаме, Мислењето на Владата и нашиот Предлог на заклучоци да дојдат уште 2-3 дена кај нив, да не избрзаме и на наредната седница, да дојдат подобрени пред Парламентот во фор ма на препораки.

Според тоа, Комисијата, ценејќи ги сите позитивни и негативни ефекти од едно вакво избрзуваше, оцени дека мора да водиме сметка за интересите на спортот кој што на свој начин придонесува за ова за што се залага и "Михаил Пановски и Парламентот и дека со една недела нема да изгубиме ништо а може да добиеме само на квалитет во решението.

Според тоа, став е на Комисијата и Комисијата предлага на Собранието да постапи вака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, тоа е став на Комисијата а не како што кажа господин Пановски дека не се согласува со господин Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Тоа е едногласен став на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, морам да реплицирам на господинот Пановски за тврдењето дека спортските сојузи во септември добиле писмена препорака за отстапување од сојузните натпревари.

Тоа не е вистина, затоа што само во еден усмен разговор помеѓу тогашниот министер за образование и физичка култура, господинот Димитров и фудбалските работници на фудбалскиот клуб "Вардар" им е сугерирано да размислат и да го напуштат системот на натпреварување. Меѓутоа, никакво писмено бараше или писмен налог не дошол од Министерството. Од тие причини тврдењето дека уште во септември е тоа покренато, нека опрости господинот Пановски, во септември спортските работници беа тие кои ги консултираа нашите челници што да прават во моментот на напуштањето на словенечките и хрватските спортисти на системот на натпреварувањето. По нивна сугестија ние останавме да се натпреваруваме на тоа ниво.

Затоа, вистина е тоа што го кажа господин Ханџиски и од тие причини ние баравме, како Комисија за ова прашање поопстојно да се разговара на првата наредна седница на Собранието.

**МИАХИЛ ПАНОВСКИ:**

Дали тоа било дадено писмено или усмено, не знам, но јас сум спремен да доставам докази, а за мене доказ се пишувањата во дневниот печат на Република Македонија. Јас ви ветувам дека ќе ги најде септемвриските весници и ќе ги доставам на наредната седница, па да видиме дали лажам. Но, тоа не е битно, важно е дека тогашниот министер за образование,Димитар Димитров, можеме да го прашаме, тој тогаш даде налог. Јас барем тоа така го сфатив, бидејќи така пишуваа весниците.

Ве молам оваа тема да не ја шириме, да одлучиме едноставно дали ќе биде денес или на наредната седница. Да не ја политизираме работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, имаме предлог на Комисијата.

Предлагам да се изјасниме.

Кој е за предлогот на Комисијата да крене рака? (62)

Дали има некој против?(26)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Дали има уште некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Предлагам точката од дневниот ред, за разрешување од функцијата заменик јавен обвинител во Охрид, Боривое Петровски, да се одложи за една од наредните седници.

Причината за одлагање е во врска со неговата дадена изјава во средствата за јавно информирање во која тој ги изнесува причините зошто ја дава оставката. Покрај тоа потребно е да се испитаат наодите во изјавата заради што е неопходно да се формира анкетна комисија.

Колку за информирање на пратениците во врска со институтот анкетна комисија ќе го кажам и следното:

Со новиот Устав на Република Македонија предвидена е посебна заштита на слободите и правата на граѓанинот како една нова и многу значајна демократска придобивка. Ваквата посебна заштита која наиде на широка поддршка од демократската јавност, посебно е пред. видена со член 76, став 4 и се регулира како постојана задача на Собранието на Република Македонија да ги следи проблемите од оваа област. За таа цел со оваа одредба се предвидува основање на анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните, а наодите од анкетната комисија се основа за поведување на постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавни функции.

Конкретно задачата во конкретниот случај на анкетната комисија која со заклучок на ова Собрание би се формирала би била да ги испита наодите јавно искажани од заменикот јавен обвинител Боривое Петревски во јавните гласила за наводен притисок што е вршен од страна на министерот за правосудство и управо во врска со попречување на спроведувањето на постапката, за приговор на Томислав Балабан, претседател на општинскиот суд за прекршоци во Охрид.

Сметајќи дека ова барање за формираше анкетна комисија ќе биде сфатено најдобро намерно со тоа што извештајот на анкетната комисија да послужи за заштита на дигнитетот на министерот за правосудство или основа за поведување постапка за утврдување на неговата одговорност.

Предлагам, со оглед на тоа дека Уставната одредба за формирање на анкетни комисии не е разработена и деловнички уредена, Предлагаме Собранието на самата седница денес со заклучок да го утврди бројот и составот на членовите на анкетната комисија на предлог на Комисијата за избор и именување.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Најпрвин би истакнал дека не е основан предлогот за одлагање на оваа точка од дневен ред.

Предлог одлуката е во надлежност на Комисијата за избор и именувања. Оваа Комисија на 14 јануари има утврдено предлог да се разреши општинскиот обвинител во Охрид. Ова разрешување е исклучиво по негово барање, лично напишано и тоа на 5 јануари о.г..во која се вели: "Го молам Собранието на Република Македонија да ме разреши од должноста општински јавен обвинител во Општинското јавно обвинителство во Охрид по мое бараше, оваа Комисија како надлежна ја утврди оваа состојба и му предложи на Собранието:

Прво околностите што се наведуваат немав врска со тоа, другите околности, бидејќи на неговото лично барање да не ја врши оваа функција никој не може да влијае. Тоа е уставно негово право според член 71, а ако има некоја околност за основаност може на друга седница да се разгледа можноста и ако треба да се формира и анкетна комисија. Меѓутоа ние со сила не можеме да го задржиме на работното место.

Сметам дека тоа може да се усвои односно да си оди во дневниот ред а на наредна седница може да се разгледува предлогот од Љупчо Поповски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Пред малку овде пратеникот Михаил Пановски стана и рече дека има докази за тоа дека министерот дал писмена препорака на спортистите да не учествуваат, од дневниот печат. На тоа сите некако цинички му се потсмеавме за потоа да стане пратеникот Љупчо Поповски и на оваа иста говорница да рече дска има избори и докази од печатот дека оваа постапка се јавува како резултат на притисоци закани и не знам што. Мислам дека предлогот не е основан затоа што точката е утврдена и во дневниот ред е конкретно утврдена, така да секое нејзино натамошно мешање со извори од дневниот печат го руши дигнитетот на Собранието. Оставката и на општинскиот правобранител на Охрид треба да се сфати како и сите оставки, како еден морален чин и секое натамошно настојување да се спречи тоа би го нарушил тој морален чин.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

не сакам никој да правдам ниту да го оспорувам, меѓутоа едно е. Ако господинот колега обвинител трпел некои тортури и над него се вршеле некои притисоци од било кој, не стојам ниту пред ниту позади некоја личност. По правилата на опстанок тој можел од местото и позицијата на јавен обвинител да се брани, а да дојде да поднесе, да бара разрешување откако тоа ќе го направи таа да свика конференција за печат и таму да каже дека овој или оној над него вршел притисок. Со таква работа се руши достоинството на самата функција обвинителство

Не знам каков е тој обвинител кој можел да гони некој за криминал а самиот да не може да се одбрани затоа што некој му кажал не поднесувај или поднесувај обвинение. Јас ќе верував и ќе го поддржев овој човек ако сега господинот Поповски пред нас овде ни кажеше пред да поднесе барање за разрешување да поднел писмена изјава до надлежното министерство, до Собранието итн. и да каже дека ова ќе го направам затоа и затоа. Ако вака го примиме како готово ние ќе правиме секој ден политички проблеми со одредени личности кои ќе сакаат да се враќаат. Ако овој човек пак се пишманил, видел дека грешил, сега е начин да ја повлече оставката, нема, освен за тоа некој да биде крив. Зарем ова Собрание со такви несериозни работи ќе се расправа. Негово право е да поднесе оставка, да бара разрешување, а повлекувањето може да биде само од него до моментот да се стави на дневен ред. Штом влезе во дневен ред таа работа не може да се бара. Затоа јас, господинот Поповски нека ми опрости, ако имал цел да му биде адвокат на обвинителот, лош избор направил.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Се извинувам што по вторпат се јавувам, меѓутоа очекував сепак и министерот на некој начин овој предлог го поддржи затоа што оценувам дека целата оваа ситуација што на некој начин беше присутна и во средствата за јавно информирање во изминатиот месец и таканаречената афера Балабан е во негов прилог и за зачувување пред се на неговата личност, а и за зачувување на функцијата министер што ја извршува, да се прифати овој предлог за формирање на анкетна комисија.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Непотребно се оддалечуваме исто како што беше наведено од утврдениот дневен ред.

Во односна оваа лично барање да. биде разрешен, исклучиво е надлежна комисијата за збор и именување. До оваа Комисијата која ја води постапката ниту усмено ниту писмено ниту со претставка, ниту лично Боривое општинскиот обвинител ниту друг, ни пратеник ниту пак граѓанин на Република Македонија не се јавил да уочи на постапката во Комисијата за избори и именувања. Овде се јавува непосредно, меѓутоа сметам сосема друг е, се меша министерот се мешаат весници итн. Во склопот на постапката не се има ниту најавено ниту иницирано.

Работното тело на Собранието едногласно го прифати ова барање да биде разрешен. Затоа јас мислам дека постапката се води во Собранието. Весниците се за читање после работното време. Друго не е тоа посебна заедница за формирање на анкетни комисии. Министерот ќе бил присутен и на наредната седница, па да не се оддалечуваме. Овде имаме најнеспорна околност. Лично бара да биде разрешен. Инаку, тој е општински обвинител со големо искуство, макар и партиско. Член бил на Општински комитет на Охрид. Значи да не се оддалечуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор во врска со овој предлог? (Никој)

Го прашам господинот поповски дали инсистира на овој Предлог, да се одложи точката од дневен ред.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Предлогот беше да се одложи Точката' од дневниот ред за разрешувањето на заменикот јавен обвинител во Охрид и со Заклучок на Собранието да се задолжи Комисијата за избор и именување да донесе предлог за формирање на анкетна Комисија.  Молам за овој предлог да се изјасни Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи инсистирате.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Мислам дека последниот предлог е чиста злоупотреба на пратеничкото право.

Се предлага да се одложи, а јас прашувам на која основа. Ние не сме истражно тело. Кажете во ко ј смер да одиме кого да прашаме кого да анкетираме. Имаме лично пишана изјава за разрешување. Ние не сме инспектори да мислиме позадински. А овде е јасно, се работи за општински обвинител кој издавал1000 решенија за притвор, водел кривични постапки, итн. Тој дава изјава. Јас не знам што ќе дополниме ако ја одложиме точката. Предлогот е противречен. Да каже да се испита обвинителот, да се сослуша, да се повика присутен. Без тоа ова е чисто манипулирање со дневниот ред. Јас сметам дека Собранието може полноправно да одлучува за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Го ставам на изјаснуваше предлогот на господинот Поповски, ова точка да не биде ставена на дневен ред.

Кој е за, молам да крене рака? (41)

Дали има некој против(3О).

Дали некој се воздржува од гласање? (10).

Значи вкупно гласале 81 пратеник.

Мораме да видиме колку има присутни овде пратеници.

Ако се 81 пратеник овој предлог на Поповски е усвоен.

Присутни пратеници во салата имаме 89. Значи некој не гласал. Според тоа со овој број не доби мнозинство предлогот на Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кој до поддржуваат овој предлог? (Има)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот ка господинот Поповски да се одложи за една од наредните седници?

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

1. ФАИК АБДИ воздржан
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА за
3. ХАМИД АЛИУ за
4. ЕШРЕФ АЛИУ за
5. СТОЈАН АНДОВ воздржан
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ за
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ против
8. ТИМЕ АНДОНОВ против
9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ против
10. ДУШКО АРСОВСКИ против
11. ДРАГИ АРСОВ отсутен
12. БРАНКО АРСОВСКИ воздржан
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ против
14. ЈОРДАН БОШКОВ против
15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ за
16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ за
17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ за
18. ПЕТАР ГОШЕВ за .
19. ТУШЕ ГОШЕВ за
20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ против
21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ против
22. САНДЕ ДАВЧЕВ против
23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ отсутен
24. ТОДОР ДИМОВ воздржан
25. ДОСТА ДИМОВСКА отсутна
26. РАТКА ДИМИТРОВА отсутна
27. ПЕТАР ЃОРЃИЕВ воздржан
28. БОРКО ГОРЧЕСКИ против
29. ДУШКО ГОРГЕСКИ за
30. ЗУДИ ЕМИНИ за
31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ за
32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ против

71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ против
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ за
73. ЈОВАН НИКОЛОВ за
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ против
75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ отсутен
76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ воздржан
77. ТИТО ПЕТКОВСКИ за
78. ТОДОР ПЕТРОВ против
79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ за
80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ воздржан
81. КИРО ПОПОВСКИ воздржан
82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
83. ШАБАН ПРЕВАЛА отсутен
84. ИСМЕТ РАМАДАНИ за
85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ отсутен
86. НЕИМ САЛМАНИ за
87. ФЕРИД САДИКУ за
88. АСЛАН СЕЛМАНИ за
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ За
90. АЦО СПИРОСКИ против
91. РИСТО СТАНКОВСКИ за
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ за
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА отсутна
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ за
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ против
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ против
97. РИСТО СТАМЕНОВ за
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ против
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ за
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ за
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ против
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ против
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ против
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ за
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ против
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ воздржан
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ против

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Имам предлог за дополнување на дневниот ред. Согласно деловникот на Собранието на Република Македонија предлагам на денешната седница да се стави на дневен ред следната точка: "Разгледување на оправданоста и законитоста на конфискација на паричните средства од граѓаните на Република Македонија од страна на Министерството за внатрешни работи".

Сметам дека е од итен карактер поради тоа што девалвацијата и онака ги јаде парите што граѓаните ги имаат заработено а органот им ги има одземено.

Да дадам образложение. Во последно време во општината Гостивар впрочем и во другите општини"од западниот дел на Републиката, а претпоставувам и во целата Република присутна е една појава која ги вознемирува граѓаните и создава висока тензија на и онака вжештените меѓунационални односи. Имено, се врши, можеби ќе употребам тежок збор, пљачка на народот преку таканаречените акции на органите за внатрешни работи. Јас лично за оваа појава во мојата општина му сугерирав на покојниот министер за внатрешни работи Јордан Мијалков, но и натаму остана безуспешно. Исто така, на една од минатите седници едно такво прашање поставив и до претседателот на Владата Никола Кљусев, но исто така без резултат. Меѓу граѓанството се зборува дека бесправно, без никакво образложение, без потреба се изведуваат рации од страна на Министерството за внатрешни работи и се зема се што се наоѓа кај нив, пари, девизи, злато и други вредни предмети. Иако со нашите позитивни закони секој граѓанин има право да носи и пари и девизи и злато.

Да не должам како што реков на почетокот народот е доста револтиран во конкретниов случај. Има случаи на рации и во куќи како што е случајот во Неготино. Зенип Рамадани од неа од чекмеџето и се земени 1000 германски марки, неколку швајцарски франци и неколку американски долари. Јас мислам дека е оправдано и треба да се воведе во дневниот ред и оваа точка.

Претседателот на Владата д-р Никола Кљусев минатата седница ми рече по име и презиме, но да не ве замарам, бидејќи имам поголемо досие на граѓаните на лицата кои се ограбувани при овие рации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали претставник на Владата ќе одговори на ова прашање, бидејќи министерот не е тука.

Дали некој друг може да каже за итноста да се стави сега на дневен ред или има аргументи да остане за следната седница. Ве молам Владата треба да каже мислење.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Со оглед да надлежниот министер не е присутен на седницата во моментот е отсутен, а проблемите се од чувствителна природа, сметам да се заклучи Владата на наредната седница да излезе со Информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Харуни претставникот на Владата предлага Собранието да заклучи оваа точка да се внесе на дневен ред за првата наредна седница.

Дали прифаќате?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Прифаќам, но таа Информација да биде доставена до сите пратеници по име, презиме и националност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да се подготви Информација за оваа проблематика што ја предлагаше господинот Харуни, и да се достави до Собранието.

Дали уште некој бара збор?

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, по точката 7 од дневниот ред се предлага да се донесе Предлог-закон за измена на Законот за попис на населението, домаќинствата, земјиштето итн.

Пратеничката група на ПДП поднесе четири амандмани кои на комисиските расправи не беа прифатени исклучок е само Комисијата за економска политика која во својот заклучок има забележано вака: "Владата на Република Македонија заедно со политичките субјекти од албанската националност претходно да ги издиференцира некои од сеуште спорните прашања со што ќе се гарантира успешноста на пописот".

Како што реков, веројатно овие амандмани како по некои непишани правила во Собранието нема да бидат прифатени. Исто така не е постигната согласност и за некои друг^и спорни делови на овој закон, а со оглед дека пописот како акција врзан е за големи трошоци, предлагам оваа точка да се одложи, за неа да не се расправа денеска со тоа што во наредниот период Владата и со политичките партии и парламентарните групи ќе ги усогласи овие наши барања потенцирани во амандманите. Голема е опасноста и овој попис да биде бојкотиран, затоа предлагам оваа точка да се одложи од дневен ред за една од наредните седници.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Во интерес на успешноста на поставената задача, во договор со претставник на Владата остана да се извршат дополнителни консултации. И во тој прилог му се придружува на предлогот за да биде одложена оваа точка од дневниот ред.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со предлогот што се даде и во врска со законот да го наречеме за попис кој што Владата го достави со назнака доверливо, па потоа добивме известување дека се симнува степеноста на доверливост и дека тој веќе е во нормална постапка. Сметам дека со овој закон се прави еден непримерен и опасен преседан во секој поглед. Се поддржува и легализира состојба каде очигледно се знаат виновниците и носителите на таквите состојби. Таа состојба е рушење на Република Македонија како правна држава и дозволување да Република Македонија не делува токму како правна држава. Предлогот го сметаме како крајно несериозен од страна на Владата на Република Македонија и штетен по интересите на Република Македонија во овој момент. Владата прави недозволена грешка што си дозволува да како паралелен субјект , паралелна власт има партијата ПДП и неа ќе ја праша дали Албанците ќе учествуваат во пописот или не, па ако тие речат "не", нема закон. Овој преседан што го прави Владата претставува и нанесува огромна штета на Република Македонија. Тоа не е компромис, тоа е капитулација. Што би се случило утре ако е познато дека голем број на даночни обврзници не го плаќаат данокот. Да не мисли Владата да донесе закон и да ги ослободи овие што не плаќаат данок, или пак ќе ги прашува раководствата на политичките партии? Овој закон не да се одложи, туку да се симне од дневниот ред и да не се расправа по него,

затоа што ја изложува на потсмев Македонската држава кога таа треба да функционира како правна држава зошто врши амнестија на сите оние кои заборавија свесно дека живеат во демократска држава кон која се стремиме и каде треба да ја афирмираме и меѓународно да биде призната. Затоа барам Владата да го повлече овој закон.

Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ евентуалната расправа по овој закон ќе ја сметаат како непримерна. Затоа Парламентот доколку успее да го усвои законот, пратениците се ставаат во улога на жири комисија каде доделуваат награда за рушење на правната држава на Република Македонија. Се руши авторитетот на државните органи. Барам по овој предлог за симнување на оваа точка од дневниот ред да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи имаме два предлога. Еден да се одложи, а друг предлог да се симне од дневен ред.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мене навистина не ми е јасно од каде сега е овој став изнесен од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Ако се сеќавате, не беше тоа којзнае кога, кога расправавме околу референдумот на Албанците 5, 6 или повеќе пратеници од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ токму за ова прашање се заложија. Па сега не знам како дојде ваквиот став кој беше сега изнесен. Ние можеме да карикираме колку што сакаме и да ги поедноставуваме работите. Меѓутоа, заложбата на двајца дискутанти од пратеничката група на ПДП е токму во смисла на тоа да ги обмислиме нашите дејствувања и како Влада и како Парламент за да не се случува пак да ни се повторуваат некои работи кои навистина одат на штета во прв ред на сите нас како заедница, како Република, а потоа и поодделно како

граѓани. Затоа намерата беше со искрени желби и како таква треба да се прифати. Додека за ваквиот став кој беше овде изнесен може поинаку да се разговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го имаме предлогот на господинот .Мерсим Положани за кс тој тврди дека е веќе во консултација со Владата да се одложи од денешната седница. Тоа е прв предлог кој што е денес даден и го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (49)

Кој е против ? (34)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Според тоа усвоен е предлогот на господинот Мерсим Положани. Господинот Мерсим Положани го даде предлогот, а Ешреф Алиу даде дополнителни објаснувања.

Дали има уште предлози за измени или дополнувања на дневниот ред?

Постојат два предлога. По едниот се работеше, по другиот практично не може да се работи. Меѓутоа, требаше да оди гласањето обратно, дали да се симне ова од дневен ред, па ако не се изгласа да се симне од дневниот ред, тогаш ќе се расправа дали да се разгледува на наредна седница, или сега да се расправа. Имаме еден логичен редослед. Ако е забуна во тоа што значи да се симне и да се одложи, тогаш тоа да го објасниме. Ако се симнува од дневен ред треба да поминат најмалку 6 месеци. Имаме две правни институции. Едно е одлагање, а друго е симнување од дневен ред. Симнувањето од дневен ред е потешко и забранува расправање по таа работа, прво, се одлучува по потешката работа, па ако остане има друго, дури тогаш ние ќе можеме да гласаме дали тоа ќе се решава денеска, или ќе се одлага. И предлогот на

Стефковски е да се симне од дневен ред и откако ќе се произнесе Собранието за тој предлог дури тогаш ќе одлучува квалитетно за одлагање, или задржување на дневен ред. Земете го Деловникот, тука е секретарот и нека ги прочита тие одредби од Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние имаме основен предлог на Владата тоа да се уврсти на дневен ред и овде имаме предлози што се дадоа на седницата. Како дојдоа на седницата, така ги ставам на изјаснувања. Прв дојде предлогот на господинот Мерсим Положани. Го ставив на изјаснување и Собранието се изјасни. Според тоа, беспредметно е натаму да се разговара за тоа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Се сомневам во резултатот. Предлагам поединечно да се гласа.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа, мислам дека си нанесуваме штета сами на себеси и на ова Собрание, на оваа држава кога имаме многу важни прашања да расправаме, а губиме време со ова поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но, деловничко право е тоа на господинот Голубовски. Беше поддржан од повеќе од 10 пратеници и тоа сега треба да се спроведе .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам кратко и јасно само да ја прочитам законската одредба,

Член 362 од Деловникот вели: Предлог на закон што е симнат од дневниот ред може по барање на еден од надлежните собори и Владата повторно да биде ставен на дневен ред на седницата на Собранието по истек од 6 месеци. Ние имаме предлог ова да се симне. Стефковски кажа да се гласа, да се симне овој закон од дневниот ред

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам секретарот да го прочита целиот текст на членот 362, бидејќи само тој став може да биде дезинформација.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

Овој деловник се однесува кога Собранието имаше повеќе собори и симнувањето секогаш доаѓаше во предвид кога помеѓу два собори и после предвидена постапка во Собранието не ќе се постигнеше согласност. Еве како гласи членот 362.

“Ако меѓу соборите и по два потреса едно по друго не се постигне согласност за истоветноста на начелата врз кои треба да се заснова предлогот за донесување на закон и за прашањата што треба со него да се уредат, или ако не се постигне согласност за истоветноста на текстот при одлучувањето по предлогот на закон соборите формираат заедничка комисија составена од по три члена и на таа комисија и доверуваат да изготви предлог за решение на спорните прашања. Ако во заедничката комисија не се постигне согласност, или ако еден собор не го усвои предлогот на комисијата за решение на спорните прашања, предлогот за донесување на закон се смета дека е одбиен, а предлогот на закон се претресува на заедничката седница на надлежните собори. Ако и на заедничката седница на надлежните собори не се постигне согласност, предлогот на закон се симнува од дневниот ред. Предлогот на закон што е симнат од дневниот ред по барање на еден од надлежните собори, или по

барање на Извршниот совет повторно да биде ставен на дневен ред на седницата на соборите по истекот на 6 месеци од денот на неговото симнување од дневниот ред доколку соборите договорно не одлучат да го стават на дневен ред пред истекот на овој рок. Така што симнувањето на прашање од дневен ред во оваа структура на Собрание, мислам не доаѓа во предвид.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Понесени од атмосферата што денес завладеа во Парламентот на ваков начин да го утврдуваме дневниот ред, еве дојдовме во една апсурдна ситуација да по оваа точка практично биеме битка како Дон Кихот со ветерњачите. Сите оние кои беа на работните тела очекував дека и Владата тоа ќе го каже во оваа ситуација по повод и предлозите од пратениците од парламентарната група на ПДП -НДП и по повод предлозите од другите парламентарни групи пред се од ВМРО-ДПМНЕ дека ваквиот закон кој се однесува исклучиво за дополнителен попис на населението во Република Македонија за оние граѓани кои апстинираа од пописот има само смисла ако се обави во рамките на едногодишниот рок откога беше направен првиот, основниот попис. Така што прашањето дали предлогот на закон ќе биде симнат од оваа седница денес од дневен ред или ќе биде одложен за некоја наредна седница предизвикува исти правни последици. Ќе се пропушти рокот од година дена и било што да се направи понатаму тие резултати нема да бидат меѓународно признати и валидни. Според тоа, биеме битка која не не води до никакво исходиште. При предлогот прво, кога се сретнав јас лично со овој закон и при расправата во работните тела основно мое чувство беше дека е пред се потреба на Републиката и на сите граѓани во Република Македонија, дека е потребно да се направат додатни напори и тој дополнителен попис да се спроведе во интерес на сите граѓани на Република Македонија, било тоа да се Македонци, Албанци, Турци и други, за сите кои што живеат во Република

Македонија. Мислев дека на тој план е постигнато едно рационално исходиште, дека е постигнат и некој политички консензус, дека еве со еден додатен напор, иако при крај на таа година се прави. Произлегува дека практично ништо не сме направиле. Јас ја молам Владата уште еднаш ова мое мислеше овде да го презентира пратениците, да личиме малку на сериозен парламент, на сериозна европска држава за која претендираме, дали овие мои стојалишта што јас ги слушнав на работните тела на Собранието кога се раправаше по овој предлог на закон се точни, или не се точни. Ако се точни да се преиспитаме уште еднаш дали овој закон треба да оди на оваа седница и мислам дека има смисла само ако оди на оваа седница во тоа сум длабоко убеден, а било што друго да се направи нема никаква смисла и да не ломиме копја.

**БЛАЖЕ РИСТЕСКИ:**

Уважени пратеници, јас се извинувам што не присуствував на целата оваа дискусија, затоа што бев зафатен таму, имаше некои одбори и некои средби, така што сега доаѓам во Собранието, меѓутоа должен сум да ве известам.

Прво, во врска со овој закон денеска пред почетокот на ова Собрание имавме разговор со една група пратеници од ПДП и НДП и се договоривме по нивни предлог да ги замолиме претставниците на партиите, не пратениците, туку претставниците, тоа значи раководството на партиите и Владата да се договорат за некои проблеми кои постоеле, како што бевме информирани.

Јас побарав таква средба за денеска и ја закажав по телефон таа средба, меѓутоа добив и писмено известување дека организациите бараат да и се испрати писмено барање за таков состанок. Очевидно има некои причини зошто се бара такво писмено барање за одржување ваков консултативен и договорен состанок. Јас си дозволувам за слобода да ве известам.

Прво, ваков попис ние како држава сме должни да направиме.

Второ, незапишувањето на еден дел од граѓаните ќе ни донесе како држава големи компликации присите планирање а што ние ги правиме во овој момент.

Трето, вас ви е познато поради неспроведениот попис дека се прават разни шпекулации и во земјата, а со нив и надвор и врз основа на сето тоа се прават разни комбинации. Ние како Влада во првиот пописен рок кој беше нормален кога целото население во Македонија се запишуваше ги направивме сите потребни чекори што можеше една влада д аги направи,

но политичките партии го направија тоа што вас ви е познато и наредија на еден дел од албанското население, и ги послушаа, да не излезат, да не дозволат да се изврши пописот.

Иако е тоа граѓанска должност, иако ние како Влада сме свесни дека се работи за еден значаен прекршок што беше направен од страна на политичките партии, ние како држава во тој момент во интерес на едно заедничко решавање на проблемите поминавме преку тоа, меѓутоа свесни сме дека пописот мора да се изврши. Тоа е административен чин кој се прави во секоја цивилизирана држава независно од желбите и интересите на одделни политички партии. Тоа е државен чин.

Следствено ние сме должни да го направиме овој попис и сме должни да го направиме сега, а не утре таму, или некогаш. Меѓутоа, ние дадовме на знаење и на јавноста, а тоа пишува и во Законот, овој попис за да нема веќе никакви шпекулации од која и да е страна ќе го направиме со задолжително присуство на релевантните меѓународни фактори од ЌЕПС, Конференцијата за Југославија, Обединетите нации, Меѓународниот институт за статистика итн. со задолжително присуство и учество при извршувањето на овој чин за да бидат сигурни сите дека податоците што се добиени при овој попис се апсолутно точни. И тие податоци ќе мора да се почитуваат. Ние како држава без попис не можеме да останеме.

Ова како Влада треба да го изјавиме овде, затоа што утре вие како пратеници ќе имате тешкотии при сите програмирања, при сите планирања на сите наши планови што ќе ги правиме во овој Парламент како Влада. Затоа ве молам колку што е можноста направите напор, мислам дека се

извршува еден важен државен долг да го допуштите, да го овозможите извршувањето на овој чин како обврска на државата. И јас би сакал така да се сфати зашто тоа е граѓанска обврска без мешање на какви и да е политички партии и без политиканствување со ваквиот чин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега овде имаме два предлога, едниот за одлагање, другиот за симнување од дневен ред и тоа ќе го објасниме деловнички што значи Предлогот за симнување. Очигледно е дека пратениците од двете пратенички групи заедно се половина од вкупниот број овде, а и едниот и другиот предлог е сосема спротивен на стојалиштето на Владата. Затоа, јас предлагам да направиме една пауза, луѓето од Владата и самите да се согледаат и да видат што се овие предлози, а и со овие пратенички групи малку да поразговараат по вака клучно прашање, важно, за кое им соопшти господинот потпретседател да не правиме непотребни компликации.

Пауза од час ипол.

(Пауза од 16,20)

(Седницата продолжи со работа во 18,25 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Собранието гласаше по Предлогот на господин Положани и беше усвоен тој предлог, но господинот Голубовски изрази сомневање во резултатот на гласањето, па предложи да поминеме на поединечно изјаснување.

Предлагам секретарот да спроведе поединечно изјаснуваше на пратениците.

Владата имаше контакти и јас го консултирав господинот Ристески дали има што да каже, тој рече остануваат на тоа што претходно го кажа дека е потребно овој закон да се донесе и евентуално ако мора да се одложи, да се одложи, но не и да се симне од постапка.

Се гласа да се одложи овој закон за наредната седница. Притоа, се разбира, ако се усвои овој предлог Заводот за статистика и Владата мора да ги преземе сите потребни мерки истовремено да се остварат задачите во рок во кој е планирано да се остварат.

**МИЛОВАН ШИКОВСКИ:**

(Секретарот ги прозива пратениците за поединечно изјаснување).

VII/5.-

## С П И С О К

### на пратениците во Собранието на СР Македонија според. азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - за |
| 3. ХАМИД АЛИУ | - за |
| 4. ЕШРЕФ АЛИЗИ | - за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | - за |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - за |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - против |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - против |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | - не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - за |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - против |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | - не е тука |
| 15. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | - за |
| 16. ТОДОР ГАЈДАРЏИСКИ | - за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - не е тука |
| 18.ПЕТАР ГОШЕВ | - за |
| 19. ТУШЕ ГОШЕВ | - за |
| 20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - против |
| 21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - против |
| 22. САНДЕ ДАВЧЕВ | - за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - не е тука |
| 26. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 27. ПЕТАР ГОРЃИЕВ | - за |
| 28. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - против |
| 29. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - против |
| 30. ЗУДИ ЕМИНИ | - за |
| 31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |
| 32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - против |

| | |
|---|---|
| 71. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - не е тука |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | - за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - против |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - против |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - против |
| 77 . ТИТО ПЕТКОВСКИ | - за |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | - за |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - за |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - не е тука |
| 81. КИРО ПОПОВСКИ | - за |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - за |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | - не е тука |
| 84 . ИСМЕТ РАМАДАНИ | - за |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - за |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | - за |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | - за |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | - за |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - за |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | - против |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | - за |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - не е тука |
| 94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - против |
| 96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - против |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - не е тука |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - за |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - за |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | - против |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | - против |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | - за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | - не е тука |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - за |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | - против |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, да ги соопштиме резултатите од поединечното изјаснување.

59 пратеници гласале за.

28 пратеници гласале против.

1 воздржан.

Констатирам оваа точка дека нема да ја уврстиме во дневен ред, туку ќе ја одложиме за првата наредна седница.

Дали во врска со дневниот ред уште некој бара збор?

Пратеничката група на ВМРОДПМНЕ поднесе барање на оваа седница Владата поднесе програма на мерки и активности за заштита на животниот стандард за социјално загрозеното население. Во нашиот допис и барање јасно стои дека се согласуваме да биде ставено на дневен ред по произнесувањето на Владата. Бидејќи ова наше барање го добивте, а немаме известување дали Владата се произнела, па во колку немаме таква работа,немаме инсистирање да се внесе во дневен ред.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, јас морам да кажам како надлежно Министерство и од Владата како што се консултира со претседателот ние такво барање немаме во Владата добиено и веројатно е на пат да го добиеме, но за денешната седница во никој случај не можеме да работиме. Да прифатиме како обврска за наредна седница да расправаме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Подгответе се за првата наредна седница да доставите материјал. Сигурно дека е невозможно да се расправа без материјал.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кога треба да се решаваат вакви работи, јас не знам како гласи Деловникот, ние се уфрламе во некои прашања, 6-7 часа само се расправаме, си правиме муабет како да сме на чешма. Денеска треба да се решава за еден голем проблем. Ние тоа го оставаме за полноќ. Извините господине претседателе, вие во тој случај треба да прекинувате да не се фрламе во тие игри кои треба да ги играме. Ми се чини господа дека ќе се согласите со тоа, ние дневниот ред го земаме некои дома, некои тука и знаеме што треба да се работи и што треба да носиме. Вака ние правиме еден хаос и главните проблеми кои треба да ги расправаме и да ги решиме ги оставаме после полноќ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако нема никој предлози за изменување и дополнуваше на дневниот ред да работиме по дневниот ред, како тоа до сега го утврдивме.

Кој е за, молам да крене рака. (Мнозинството пратеници)=

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден).

Предлагам да минеме на дневниот ред.

Минуваме на **првата точка** од дневниот ред - Предлог на закон за одбрана.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Согласно член 122, став 2 од Уставот на Република Македонија, Законот за одбрана се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат потребното мнозинство на пратениците.

Истовремено ги замолувам присутните пратеници во салата да не излегуваат, а службите да ги повикат пратениците кои инаку учествуваат во работата на седницата, а сеуште не се влезени овде. Да се приберат пратениците, затоа што донесуваме важен закон со квалификувано мнозинство.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Влегуваме веќе во борба за достоинството на нашата држава. Овој закон е многу важен, но пред да го разгледаме законот, јас само ќе ве прашам, ќе го прашам и Претседателството, кога носиме еден таков закон за одбрана на нашата земја, веднаш ми падна на памет да се прашам, создаваме држава без обележја на држава. Тоа е многу важна работа. Немаме ни знаме, ни грб. Јас се чудам, да господа тоа е знамето, но вие

знаете добро дека не постои и тие знамиња јас може ги почитувам, меѓутоа, кога се прави држава и кога се носат првите закони на таа држава, ми се чини дека главното обележје на тој закон ќе биде печатот и грбот врз тој закон, затоа што се однесува за армијата која ќе се создава утре македонска.

Дури понекогаш,а и сега се прашувам како нашите претставници излегуваат и преговараат во Европа, со чие знаме и со чиј грб и кого претставуваат. Малку да се помислиме што работиме, бидејќи треба да испливаме понатаму во Европа и светот. Смешни ќе бидеме, дури и ако правиме армија, без наши обележја, без наша ознака. Затоа ќе ве молам нека се носи Законот за народна одбрана, меѓутоа веднаш потоа да се замислиме и за нашите обележја. Без тие обележја ќе биде се залудно. Да не си играме со себе, бидејќи излегуваме смешни во светот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам секој што ќе земе збор да се држи за точките од дневниот ред, да не ме присилувате да ви укажувам итн.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со прогласувањето на Уставот на Република Македонија и Уставниот закон за спроведување на Уставот од 17 ноември 1991 година, Република Македонија се конституира како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, со што се создадени предуслови за предлагање и донесување на законска регулатива во сите сфери на живеењето.

Уставот и уставниот закон, меѓу другото, ја препишуваат и обврската за законско регулирање на одбраната на Република Македонија, а обврската за донесување на закон за одбрана на Република Македонија, во рок од 6 месеци од денот на прогласувањето на Уставот го потенцираат

значењето и градењето на фундаментите на новиот општествено-политички систем на Републиката и делот што се однесува за одбраната на Републиката. Законот за одбрана е еден од системските закони што Собранието треба да ги донесе. Постапката за неговото донесување, согласно позитивните прописи и практиката, требаше да тече во процедура на скратувањето на роковите и донесувањето на овој системски закон по итна постапка и е наметнато од присутните состојби во Армијата, кои состојби не би требало да ги образложувам поопширно, бидејќи сите граѓани на Републиката доволно ги познаваат.

Надлежните комисии го разгледаа првичниот понуден текст на Законот посветувајќи му го должното внимание, а во расправата се поддржани причините поради кои треба да се донесе законот, како и основните начела врз кои се заснова.

Низ расправата се понудени одредени подобрувања и изменувања на текстот. Најголемиот дел од мислењата, предлозите и забелешките, понудени во начелната расправа водена на 10-ти, односно 12-ти февруари и 13-ти во надлежните комисии, беа вградени во новиот текст на законот, кои нов текст на закон ЗПК и Комисијата за внатрешна политика на заедничка седница го разгледаа на 13 февруари, и притоа констатираа дека во него се вградени и содржани забелешките предложени во претходната расправа.

Предлагачот на законот ги образложи причините, поради кои се предлага овој закон да се донесе под итна постапка, кои причини ценам се прифатливи и основани, а секое одлагање на донесувањето на законот за одбраната, може да предизвика несакани последици.

Предлагачот на законот, предлозите, мислењата и забелешките изнесени во расправата на двете комисии на заедничката седница, одржана на 13-ти февруари, ги вгради во предлогот за донесување на законот за

одбрана по итна постапка со предлог на закон, кој текст на закон Ви е поделен.

Собранието на Република Македонија на мислење сум дека треба да го прифати понудениот текст на законот, односно образложението на овој закон по итна постапка и да го усвои предлогот на законот за одбрана на оваа седница.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Дозволете ми да ги изнесам некои основни и начелни забелешки, по основа на законот што денеска е на расправа.

Законот за одбрана на Република Македонија е еден од системски закони, во кои прецизно и без дилеми треба да се определат правата и должностите на сите субјекти кои го сочинуваат системот на одбраната. Како прво надлежностите на државната власт, во кои Собранието како највисоко законодавно тело на Собранието, треба да има многу поголеми права и овластувања, а не само со два члена, како што е прецизирано во Законот.

Имено, Собранието на Републиката пред се, треба да го донесува планот за организацијата и формацијата на вооружените сили, документите за развој на армијата, планот за евакуација на населението. Собранието на Републиката треба да донесува акти за определување на зоните и објектите кои се од посебно значење за одбраната, како и за деполитизација за армијата и воените старешини.

Во однос на командувањето со вооружените сили на Република Македонија, во законот за одбрана се предлага, тоа да го чини Министерството за одбрана во точка 9 од членот 17.

На мислење сум дека со вооружените сили единствено може и треба да командува претседателот преку генералштабот како воено стручно командна институција која ќе може да донесува воено- стратешки и стручни

одлуки за употреба на армијата. Функциите и задачите на генералштабот попрецизно треба да се определат во друг закон, односно во посебен системски закон за вооружените сили на Републиката. Оттука мислам дека што се однесува до воената обврска, што се уредува со членовите од 50 до 60 треба постудиозно да се размисли за годините на староста на регрутите и да не се повторуваа: досегашните трагични грешки кога во Словенија гинеа млади војници од 17 години. Затоа предлагам регрутирањето да се врши на 19, а не на 18 години, а регрутот по лично барање, ако се чувствува способен доброволно да се јави на 18 години, а не на 17 години како што се предлага во Законот.

Оттука мислам дека на служење на воениот рок регрутите треба да се упатуваат на 20, а не на 19 години, а регрутот кој е запишан на факултет, односно виша или висока школа, најдоцна до навршување на 27-ма годишна возраст а не на 26 годишна возраст како што се предлага во Законот.

Регрутите кои не го завршиле или го завршиле средното образование во армијата треба да се упатат најдоцна до 21 година.

Во делот каде што се зборува за обврската за служење на резервниот состав, треба попрецизно да се определи колку месеци може да трае вкупната воена обврска за служењето на резервниот состав. Поконкретно кажано треба да се определи колку воениот обврзник во текот до 55 годишна возраст вкупно месеци може да биде повикуван на воени вежби, кои се сметаат за воена обврска.

На мислење сум исто така, дека обуката која се остварува во организацијата на резервните воени старешини како воено- стручна организација, треба да се третира како време поминато во воена вежба што ќе се зема предвид и при неговото унапредување во повисок чин.

Што се однесува до организацијата на резервните воени старешини на Македонија, таа е воено- стручна организација, која опфаќа околу 56 илјади членови и чија основна активност е обуката на резервните воени старешини. Тоа исклучиво ги остварува општите интереси за одбраната на Република Македонија. Заради тоа, нејзиниот статус и задачи единствено може и треба да се уредува со законот за одбрана, бидејќи оваа организација ја сочинуваат резервни воени старешини, кои се припадници на резервниот состав на вооружените сили на Република Македонија.

Ваквиот статус не може да се решава со ниеден друг закон, па ни со законот за политички партии и здруженија на граѓани.

Заради тоа, предлагам амандман на член 116-а и член 117 со кој прецизно ќе се определи статусот на оваа организација. Впрочем, оваа организација, својата севкупна активност, треба да ја координира и насочува во соработка со Министерството за одбрана и вооружените сили на Република Македонија.

Долгогодишните искуства од работата на оваа стручна организација зборуваат за големи резултати кои ги постигнала во обуката на резервните воени старешини, по извршувањето на своите воени должности што ги има како команданти на општинските штабови на територијалната одбрана, на бригади, обреди, команданти на чети и сл.

Да потсетам и тоа дека војната во Република Словенија ја добија резервните воени старешини кои беа на чело на нивната војска. Организацијата на резервните воени старешини служи за пример, за добри национални односи, бидејќи таа е стручна и вонпартиска организација, која не ја интересира политиката и политичките партии, туку таа се поврзува и соработува само со државните органи кои се занимаваат со одбрана на Републиката.

Со новиот концепт за одбрана на Република Македонија, во оваа тешка економска криза, кога не можеме да сметаме на силни вооружени сили, треба повеќе да се потпираме на оваа организација која во најголема мера се ангажира врз волонтерска основа и би се растовариле од поголеми трошоци за обука на дел од резервниот состав на вооружените сили, а посебно на обуката на резервниот старешински кадар.

На крајот да го кажам и тоа дека овие организации во најголем 6рој на западни земји имаат посебен статус и респект, а како пример можам да ги наведам и новите држави, Република Словенија и Хрватска каде во нивните закони за одбрана ова прашање е прецизно регулирано.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господа, ценето Претседателство, при донесување од законските акти барам да се има предвид барањата од мештијатот на исламската верска заедница на Републиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани граѓанки и граѓани.

Визијата за сопствена војска на Република Македонија која пред една година беше негирана доживеа потполна афирмација. Со донесувањето на овој законски акт ќе стане и стварност.

Јас не можам а да не го искажам своето нескриено незадоволство и воодушевување и апелирам до сите да гласаме за овој законски акт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Овде се поделени некои амандмани.

Молам претседателот на Комисијата за одбрана да соопшти и го извести Собранието каков е ставот на Комисијата. Дали овие амандмани беа присутни на Комисијата, дали се усвоени или се содржат во материјалот или во што е работата.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас и во излагањето во начелниот претрес реков дека сите амандмани, забелешки и сугестии што беа искажани на расправата во комисиите и поединечно и на заедничките седници на комисиите за внатрешна политика и ЗПК и во меѓувреме доспеаните амандмани се вградени во овој текст што сега е поделен на самата седница, освен барањето од Исламската верска заедница кое комисиите го одбија бидејќи сметаат дека не е законска материја туку ќе се регулира со упатство

односно Правилник. Тоа е околу начинот на исхраната на идните војници во нашата армија. Конкретно, бидејќи беше посочен тој предлог.

Второ, амандманот во врска со статусот на резервните воени старешини каде што се бара да се регулира со овој закон. Комисијата е на мислење дека ова не е предмет на регулирање, статусот на оваа општествена организација, со овој закон, туку со законот за политичките партии, односно здруженија на граѓани и сл.

Еве конкретно, бидејќи од страна на дискутантите беа посочени овие два амандмани, јас го искажувам мислењето и заклучокот од седницата на двете комисии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, да ги консултираме предлагачите на амандманите господинот Зоран Крстевски кој има два амандмани и господинот Наум Симјановски кој има еден амандман.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Ги повлекувам амандманите.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

И јас го повлекувам мојот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со објаснувањето, колку што сфатив, ова прашање што господинот Хамид Алиу го покрена, објаснувањето е дека тоа прашање ќе биде регулирано со подзаконски акти и мислам дека е тоа прифатливо бидејќи навистина не е законска материја.

Според тоа, немаме амандмани.

Дали некој бара збор по текстот на законот?

Има збор господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Веројатно се работи за грешка, во членот 24, во ставот 2 се вели:

"Наредбите на претпоставениот старешина во армијата не се извршуваат освен ако нивното извршување претставува кривично дело".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е грешка. "Не" се брише. Тоа е лекторска контрола што треба да се изврши врз законот.

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, нека крене рака. (99).

Деведесет и девет пратеници гласаа за текстот на законот.

(Аплауз).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за одбрана,

(Аплауз).

Минуваме на **точката 2** - Информација за меѓународната активност на Република Македонија.

Информацијата и извештајот на Комисијата за надворешнополитички прашања и односи со странство ви се доставени, односно поделени.

Воведно излагање по Информацијата ќе поднесе д-р Денко Малевски, министер за односи со странство.

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ**: (ПРИЛОГ)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за односи со странство

REPUBLIC OF MACEDONIA
Ministry of foreign relations

# НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(Излагање на министерот за односи со странство на Република Македонија, д-р Денко Малески на седницата на Собранието на Република Македонија 14 февруари 1992 година)

Господине Претседателе,

Дами и господа пратеници,

Цената која ја плаќаме за демократијата на овие простори е исклучително висока. Иако Македонија се залагаше за демократски договор меѓу Републиките за идниот облик на заедничко или одвоено живеење, таков договор не беше постигнат. Основната причина е во тоа што за демократски договор се потребни демократ кои знаат дека договор значи компромис, толеранција и почит кон мислењето на другиот а демократи немаше доволно. Завршивме во етничка војна која не понижи нас, Европа и светот во целина, доведувајќи не во положба на немоќни сведоци на еден, во поново време, невиден колеж и масовно уништување. Федералната структура не успевајќи да се прилагоди на новото време и новите стремежи на народите, ги поттикна дезинтегративните тенденции за на крајот да се стави во служба на една Република. Со рушењето на цивилната власт пак, армијата се најде оставена самата на себе и се замеша во политиката на начин кој таа го процени за нужен за на крајот да се врзе за остатокот од "федералните" институции. Во целиот овој период на војна загинаа илјадници цивили, беа разорени многу домови, стотици илјади луѓе станаа бездомници и бегалци. Непотребно е да се нагласува дека сето ова беше проследено со забрзано осиромашување на населението со се уште несогледливи последици по стандардот на сите нас кои долго ќе го отплатуваме долгот кон војната. Во оваа војна беа буквално погазени сите

меѓународни норми на цивилизирано однесување, вклучително и Женевските конвекции и принципите од Завршниот акт на Хелсинки.

Во ова време на криза и понижување Југославија како држава го загуби својот идентитет во светот, а републиките, сега веќе суверени држави се здобија со сопствен идентитет различен, се разбира, во зависност од нивното однесување во овие тешки времиња. Не е потребно веќе никому во светот да се објаснува што стои зад името Хрватска што зад Словенија, што зад Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора или Македонија.

Кој е нашиот идентитет денес?

На светот му се претставивме како држава која препознавајќи ги знаковите на времето во кое што живееме нуди цивилизирана разврска на кризата. Понудивме решение за конфедерална Југославија која би ги помирила стремежите на народите кон сопствена држава и европските текови на интеграција. (Планот Глигоров- Изетбеговиќ). Учествувавме во креирањето на Документот на Лорд Карингтон за лабава асоцијација на потполно суверени држави. Но, и во едниот и во другиот случај недостасуваше заедничка волја кај сите за мироѕубив дијалог. Се покажа уште еднаш дека умереноста и толеранцијата не се силната страна на сегашните републички лидери.

На Меѓународната конференција за Југославија под покровителство на Европската заедница, Македонија уште првиот ден од нејзината работа ги предложи своите видувања за исходот на Конференцијата. Ги предложивме следните принципи за мирен излез од кризата:

1. Почитување на внатрешните и надворешните граници, бидејќи промената на границите со сила ќе отвори серија на кризи кои ќе не одведат во граѓанска војна;

2. Заемно признавање на републиките како суверени држави и нивно меѓународно признавање;

3. Меѓународни (Европски) гаранции за човековите права и правата на малцинствата;

4. Армијата (ЈНА) да не ја употребува својата сила во решавањето на бројните и неизбежни политички конфликти, туку да се прилагодува на процесите на промена;

5. Зачувување на економската целина на Југославија бидејќи нејзината фрагментација и создавањето меѓусебно непријателски држави ќе не доведе во сиромаштво, социјални немири и нова граѓанска војна. Исклучително е важно да се постигне договор кој ќе го спречи сломот на економијата;

6. Сојузот, доколку се согласиме на тоа, мора да почива на степен на единство кој е можен во овој момент. Тоа би овозможило демократијата и пазарните односи да отворат патишта кон повисоки форми на економска и политичка интеграција;

7. Раздружувањето, доколку се согласиме на тоа, треба да биде изведено на начин кој ќе ги сочува добрососедските односи;

8. Траењето на Мораториумот треба да се продолжи до крајот на Конференцијата.

9.

Поаѓајќи од овие принципи се заложивме да се изгради модел кој што ќе им пријде на проблемите на Југославија како целина. Со други зборови се заложивме за генерално решение кое ќе ги има предвид интересите на сите. Овој принцип никогаш од странските учесници не беше протолкуван

како обид да се попречи било чие признавање или обид да се сочува Југославија во една наджiвеана форма. Конференцијата на начин на кој ја замисливме не успеа. Но, трудот не беше залуден. Бројни претставници на Европската заедница имаа можност, на пленарните седници и во работата на комисиите детално да се запознаат со погледите на секоја република поодделно. Учесници во работата на Конференцијата беа и специјалниот пратеник на Генералниот секретар за ООН Сајрус Венс и претседателот на Арбитражната комисија Робер Бадентер.

Токму од оваа Европска комисија Република Македонија доби полна сатисфакција за својата политика. Како што е познато во Извештајот на Арбитражната комисија стои дека ги исполнуваме сите услови да бидеме признаени за независна држава. Велам добивме полна сатисфакција за својата политика, затоа што оценките се даваат за политиката која една држава ја води. Значи, самото име Република Македонија не можеше да ни донесе поволно мислење од Арбитражната комисија. Петте претседатели на уставни судови на Европската заедница ја ценеа политичката содржина и принципите врз кои почиваат внатрешната и надворешната политика со која Македонија се презентира во светот. Оттука и бесмисленоста на тезата дека иако Арбитражната комисија утврди дека Македонија ги исполнува условите за признавање... македонската политика не стори ништо за признавањето!? (или на тоа слично!)

Уште еден Извештај може да и служи на чест на Републикава и да не охрабри да продолжиме во истата насока. Тоа е Извештајот на Мисијата на ЌЕБС за остварување на човековите права во Југославија во кој состојбата со човековите права и правата на националните малцинства во Македонија и во Словенија се оценува како релативно задоволувачка (rather satisfactory). Овој документ беше презентиран и усвоен на последниот состанок на ЌЕБС во Прага.

Дами и господа пратеници,

Втората светска војна ги убеди народите на Западна Европа дека национализмот води во судири, омраза, духовна и материјална беда. Оттука и идеите за една поинаква, иднина,за Европа која ќе гради и еден наднационален државен идентитет.

Нациите во Источна и Јужна Европа денес, наоѓајќи се во еден процес на задоцнет развој нужно се соочуваат со две противречни тенденции едната, која налага афирмација на државноста на народите и втората, која бара да се пречекорат границите на таа држава и да се следат патиштата на економска и политичка интеграција на Континентот. Со ова набргу ќе се соочи и државата Македонија доколку сака да стане дел од Европските интеграции. Од нас се очекува пред се на просторот на којшто живееме да дадеме придонес во градење на заедничкиот европски дом.

Тоа нема да биде ни малу лесно зашто регионот на Балканот уште долго време ќе биде нестабилен. Имено, ќе биде потребно време да се организира стопанството врз основа на принципите на пазарната економија како и да се изградат новите демократски институции. Ако притоа го имаме на ум фактот дека демократијата како систем е извор на неизвесност, во смисла дека никогаш не можеме да бидеме сигурни кои луѓе ќе бидат избрани на власт ниту со какви методи тие може да владеат, тогаш е јасно дека во процесот на учење (во којшто се наоѓа целиов регион) можни се и грешки.

Она пак, што е ново во регионот на Балканот е дека за првпат во неговата историја постои можност сите држави да се обединат околу исти принципи демократијата, дијалогот, човековите права и пазарната економија. Тоа, со помош на развиениот дел од Европа, можеме да го претвориме во еден процес на градење на нов Балкан како идна зона на стабилност која, постепено, ќе се движи кон повисоки облици на Европска интеграција.

Темпото со ќоле поодделните земји ќе се движат кон Европа нужно ќе биде различен, но доколку завладее политика на меѓусебна доверба ќе можеме во тој процес и да си помогнеме. Во секој случај треба да се отфрлат сите облици на политики од деветнаесеттиот или почетокот на веков, кога коалиции на една група балкански држави се формираа за да им напакости на други. Конечно, потписници сме на такви документи какви што се Хелсиншкиот завршен акт и Париската повелба кои бараат од нас да го оставиме зад себе минатото и да почнеме да градиме иднина на мир и благосостојба.

На патот кон еден нов Балкан потребна ни е Европска помош во изградбата на нашите демократски институции и преминот кон пазарна економија, а заклучоците од последната Конференција на ЌЕБС во Прага тоа го овозможуваат. Република Македонија како независна држава изразува спремност да ги научи и да ги применува стандардите на политичкото и економското однесување запишани во документите на ЌЕБС. Конечно, и во овие тешки времиња на војна покажавме дека знаеме да се ориентираме и да работиме во согласност со тие стандарди.

Покажавме дека демократијата е можна низ мирен соживот со припадници на други националности, религии или политички убедувања. Тоа треба да стане составен дел на една целосна наша програма да создадеме институции способни да го бранат достоинството на секој граѓанин на Република Македонија. Националните малцинства имаат како своја прва обврска да бидат лојални кон демократските процеси на државите на кои им припаѓаат. Државите пак, мораат да отвораат нови хоризонти на слобода за малцинствата зашто, како што е досега безброј пати потврдено, во услови на конфликт, ставени да бираат меѓу државата и народот на кој му припаѓаат, малцинствата се определуваат за народот. Ова треба да биде поука за сите балкански држави и, се разбира, за нас.

Свесни сме дека на Балканот во услови на измешаност на народите е неизводливо создавање на држави по принципот една држава една нација. Затоаморамe да ги оспособуваме нашите институции да ги штитат правата на народите, националните малцинства и етничките групи. Со помош на Европските институции балканските земји мораат да се залагаат за заштита и унапредување на човековите права и правата на малцинствата!

Почитувањето на границите и немешањето во внатрешните работи на други земји се принципи кон кои исто така треба строго да се придржуваме. Во спротивното, малцинствата можат да станат тројански коњи со чија помош се дестабилизираат соседните земји. Доколку имало такви манифестации во минатото, тоа треба да го оставиме зад нас. Секоја држава, како потписник на европските документи е должна да се грижи за своите национални малцинства. Доколку тоа не го чини на задоволително ниво или пак воопшто, постојат легални .европски институции (конференциите судовите, арбитражите) каде што на мирен начин ќе се бара зашти1 на правата на малцинствата. На тој начин обединети околу исти принципи ќе работиме на кревање на нивото на материјалната и духовната благосостојба на народите во Регионот и во еден процес на учење на демократијата ќе работиме за Балкан без граници, Балкан на слободен/духовен и материјален развој на сите народи. Но, до тоа може да се стаса само постепено и доколку упорно се држиме до заедничките принципи, на начин на кој западноевропските земји тоа го чинат од 1947 до денешни дни. Оттука и нужноста емоциите да се стават под контрола, а разумот и работата да не водат.

Дами и господа

Она што е, најважно, за нашата надворешна политика е да ја сочуваме демократијата дома тоа е нашата легитимација во светот. Тоа е голема и тешка задача затоа што проблемите кои досега беа потиснувани под површината на политичкиот живот изронија на површина нерешени

етнички тензии, дискутабилни граници, иредентизам, национализам кој се уште не е изживеан и надживеан економски поредок. Општества кои се базирале врз една вистина,каде што легална опозиција била забранета, во коишто на луѓе со различни политички погледи се гледало како на шпиони, издајници или дури и ментални случаи треба да изграда1] и да одржат една нова демократска структура. Но, која е таа основна вистина која ќе не води во демократија? Основната вистина на оваа нова демократија е дека нема една вистина, овозможувајќи различни политички вистини да се искажат, да се конфронтираат и да се почитуваат. Демократијата значи, ги нема сите одговори на нањето живеење. Но, демократијата е едно отворено општество во кое политиката се разбира како процес на прилагодување на интересите на поединци, трупи, класи, институции и идеи. Во основата на демократските политички институции пак, се толеранцијата, дебатата, консензусот, компромисот и заемното почитуваше меѓу политичките противници. Засега со успех чекориме во таа насока. Споро, но во согласност со нашите можности. Тоа светот го разбира и го цени. Тоа е нашата препорака за семејството на независните европски држави.

Но, фактот дека сме независна држава не треба да ги измени нашите убедувања во однос на процесите на интеграција на Европскиот континент. Признавањето на нашата државност е еден од предусловите Република Македонија да одговори на своите домашни и европски обврски. Една од најважните е да се следат главните интегративни процеси на Континентот, кон Европа како економска и политичка целина. Тоа пак, значи дека иднината на Македонија не е да стане некаква стутулена, ксенофобична балканска државичка, стисната меѓу нашиве планини и ридови, исплашена од "големиот" свет и новото што тој го носи. Напротив, треба широко да ги отвориме прозорците за нови, свежи ветрови. Потребно ни е да станеме составен дел на европските и светските технолошки процеси, следејќи ги основните економски текови. Ние сме дел од Европа.

Современата индустрија може да постигне високо ниво на ефикасност само ако произведува за голем пазар. Во систем кој е затворен во национална економија, индустриите на малите држави немаат таков пазар. Оттука малите држави можат да бидат економски успешни само ако изградат своја сопствена позиција во поширок сојуз на економски односи. Значи, малите нации, а сите ние на Балканот сме мали нации, без оглед на тоа дали се политички независни или не, зависат од односите со поголемите партнери. Оттука ако ги ставиме настрана емоциите кои одат со патриотизмот, треба час поскоро да правиме економска сметка во која се земаат предвид нешта какви што се нашата географија, природните ресурси, економскиот развој итн.

Наша иднина како независна држава е да станеме дел од се-европскиот процес на интеграција, при што, умеењето да соработуваме мораме да го докажеме со оние со кои сме живееле заедно до вчера во една држава. Паралелно со тоа треба да станеме дел од еден европски економски и политички систем во којшто независно од силината, нашиот глас сепак ќе се слуша а нашите интереси ќе се земаат предвид. Притоа, станувајќи дел од меѓународни институции и интеграции, пренесуваме на нив дел од националниот суверенитет. Но, тоа е во наш национален интерес, зашто само така ќе ја избегнеме опасноста да бидеме индустриски и технолошки заостаната и политички некомпетентна држава.

Дами и господа пратеници,

Во писмото што го испративме до Секретаријатот на ЌЕБС неодамна, барајќи прием на Република Македонија во оваа европска интеграција меѓу другото стои:

"Со одлуките донесени од Европската заедница на 16 јануари 19 9 2 година и со процесот на меѓународно признавање на југословенските републики, Социјалистичка Федеративна Република Југославија престанува да постои. Од тој датум Република Македонија функционира како независна држава".

Со распаѓањето на федералната структура Македонија е од поодамна самостојна држава во смисла дека самата си ги уредува внатрешните и надворешните работи и се грижи за своето население. Нашите европски соговорници тоа го знаат меѓутоа, во процесот на меѓународното признавање се попречи ставот на Грција. Од страна на досегашниот и сегашниот претседавач на Министерскиот совет на Европската заедница Ван ден Брук и Пињеир ни беше речено дека единаесетте се свесни за потребата и Македонија да биде признаена за независна држава, но дека ставот на еден нивен член ги обврзува да му се даде шанса да ги презентира своите аргументи.

Овие недели сме сведоци на колизија помеѓу правото и политиката, што ќе рече, меѓу Извештајот на Бадинтеровата комисија од една страна и политичките интереси кои се реалност, од друга. Ставени на вага интересот за, Грција кај добар дел од европските земји тежи повеќе од интересот за Македонија. (Мислам на економија, географија, стратегија, политика). Меѓутоа, на случајот на Македонија Европа ги става на проба своите нови демократски вредности една од кои е и правото на мирољубиво самоопределување во процесот на изградбата на нова Европа. Токму таа нова Европа како единствена економска, политичка и правна целина тежи повеќе од секоја подинечна земја. Оттука. интересот за демократска мирољубива Македонија во еден нестабилен регион кој може да ги доведе во прашање и интегративните процеси во останатиот дел од Континентот.

Затоа повторуваме: спремни сме на сестрана соработка со Грција, членка на Европската заедница од која се очекува да ги афирмира европските принципи на Балканот. Содржината на нашите односи е она што треба да не преокупира. Македонија може да даде и меѓународни гаранции

дека ќе го почитува територијалниот интегритет на Грција и дека нема да се меша во нејзините внатрешни работи. Меѓутоа, да се условува секој дијалог или соработка со промена на името е понижувачко. Понижувачко е затоа што ние едноставно немаме резервно име, ниту пак било кога сме размислувале за такво нешто. Тоа што Грција под името Македонија подразбира едно, а ние друго е доволна разлика, доколку разликата е она на што се инсистира во Европа денес!

Нашата позиција е многу отежната и со фактот дека непризнавањето од Европската заедница за нас значи затворени врати за европските организации и интеграции чија помош ни е од пресудно значење во овој период на премин кон демократија и пазарна економија. Се случува, како што тоа неодамна беше и на Конференцијата на ЌЕБС во Прага, да се расправа за нас а ние да не сме на конференциската маса туку во холовите на зградата. Неиздржливоста на таквата ситуација ја разбираат сите оние бројни делегации со кои имавме билатерални средби, изразувајќи надеж дека на наредната средба на ЌЕБС ќе бидеме полноправни членови. Но, тоа се околностите во кои работиме.

Сепак, без оглед на тешкотиите,процесот на меѓународното признавање е отпочнат. Работиме на изградбата на Министерство за надворешни работи во вистинската смисла на зборот а квалитетот на нашата работа ќе зависи од квалитетот на луѓето кои се ангажирани. Отпочнува изградба на дипломатска мрежа, која за една мала земја како Македонија нужно ќе биде скромна и ќе настојува да троши што помалку пари. Основно ќе биде да се покријат петнаесетина центри во светот. Се друго треба да се покрива директно од Македонија. Во секој случај надворешната политика секоја држава ја димензионира според внатрешните можности.

12.-

Дами и господа пратеници,

Република Македонија ќе продолжи да работи на мироЉубивото и трајно решавање на кризата во досегашна Југославија, во согласност со принципите и заложбите на ЌЕБС. Се уште сметаме дека Конференцијата за Југославија е политичката рамка за доаѓање до таа цел и затоа ја поздравуваме Одлуката на Лорд Карингтон да ја обнови нејзината работа.

Но, нашата позиција на конференциската маса е онаа на независна држава која што е во процес на меѓународното признавање. Само од оваа позиција сме спремни да земеме учество во дијалогот за идните добро-соседски односи со поранешните југословенски републики. Се разбира, постојат силни економски и културни врски кои треба да се сочуваат доколку сакаме да бидеме верни на нашата цел обединета Европа. Потребно е да се направи обид од сите независни држави на досегашна Југославија, да се положат темелите за идна можна интеграција. Ова треба да биде нашиот придонес кон се- европските процеси на интеграција.

Даваме полна поддршка на мировните напори на специјалниот пратеник на Генералниот секретар на Обединетите нации, господинот Сајрус Венс. Нашата позиција, од самиот почеток на кризата беше дека употребата на сила во една комплексна повеќенационална заедница, чии проблеми можат да се решаваат единствен преку дијалог, води во етничка војна.

Дами и господа пратеници,

Република Македонија се соочува со огромни предизвици да ги разбере новите реалности, да прифати нови ризици, но и да отвора нови хоризонти на човековата слобода. Наша цел е да создадеме отворено општество, плуралистичка демократија и пазарна економија. Наша цел е да придонесеме кон создавањето отворен и демократски Балкан кој ќе има своја улога во изградбата на стабилност и заемна доверба во Европа.

Патот кон таков Балкан треба да биде поплочен со нов дух на соработка меѓу државите, подобрување на состојбите со човековите права во целиот регион и со либерална политика која ќе ги отклонува бариерите кои стојат на патот на трговијата и на капиталот. Кон овие цели спремни сме да чекориме рака под рака со сите наши соседи и со сите држави на Европа.

Благодарам на вниманието.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Кога ја оценуваме надворешната политика на Македонија мислам дека можеме да заклучиме дека истата е афирмативна заради тоа што има свој автентичен и конструктивен приод и во решавањето на Југословенската криза а исто така и на меѓународната.

Основата на надворешната и внатрешната политика на Македонија мислам дека беше демократското, легалното, легитимно мирољубиво и трезвено, но политички борбено определување за самостојна и независна Македонија како продукт од трансформацијата на постојното Југословенско општество.

Политичкиот проект за независна и самостојна македонска држава во себе си ја содржи политичката волја на македонскиот народ и негов епилог претставува Уставот на Македонија со граѓанска содржина.

Тоа што се реализира граѓанскиот проект во Македонија во уставните определби, отпаднаа колективистичките проекти како тоталитарни или неототалитарни проекти кои што можеа да бидат основа за примена на сила односно за реализирање или укинување на колективистичките проекти со примена на сила. Тоа значи дека во Македонија победи демократијата. Меѓутоа, демократијата во својот највулгарен облик претставува владение на веќина над мањина. Таков проект во Македонија не се деси заради тоа што се инкорпорира и еден нов модел, а тоа е моделот на човековите права и слободи како корективен модел на демократијата. Мислам дека тоа се основите врз кои базира и меѓународната политика на Македонија во овој изминат период.

Одлука на Бандитеровата комисија која што има своја правна основа покажува дека Македонија ја призна меѓународното право а за мене тоа

претставува и меѓународна обврска односно обврска на Меѓународната заедница да го штити територијалниот интегритет на Македонија. Мислам дека тоа претставува едно големо достигнување.

Меѓутоа, ако на страната на политичкиот суверенитет на надворешен план доста сме постигнале треба да бидеме свесни дека политичкиот суверенитет, ако не надограден и со здрав економски суверенитет има свои слаби страни. Во тој контекст сега во Македонија кога се случува втората експропријација односно кога се случуваат процесите на реприватизација, постои патолошка инфлација, постои сиромаштија и мислам дека Владата за да може и од економски аспект да го обезбеди суверенитетот на македонската држава треба што побрзо да премине кон реализација на глобалниот проект, а и поединечните проекти за одвивање на процесите на реприватизација односно за ставање во оптицај на тој циклус кој претставува еден од најтешките проблеми за економскиот суверенитет за македонската држава.

Беседата на претседателот на Републиката за решавање на односите со соседите вградени во уставните решенија, мислам дека ги стави вон сила сценаријата на соседите што некогаш ја поделија Македонија и тоа претставува голем прилог на политиката на претседателот на Републиката и овој Парламент за меѓународна афирмација на Македонија во функција на нејзиното признавање. Меѓутоа, сепак во овие услови мислам дека и Парламентот и Владата и политичките партии, Парламентарни или вонпарламентарни пак се должни да ја преоценуваат ситуацијата, а носителите на надворешната политика истата да ја пренесуваат. Во тој контекст сакам да кажам дека сеуште е присутна енигмата на Милошевиќ, неговото генералско и само и дека миротворното салто на Аџиќ Милошевиќ

или симболично да речам облекувањето на миротворната маска во конкретната ситуација сепак можеме да ја чувствуваме како одредена опасност која може да ги попречува или оспорува активностите, миротворните активности и определби на Македонија за нејзино меѓународно признавање и во тој контекст здружувањето на Грција и Србија на патот за попречување на меѓународното признавање на Македонија. Мислам дека и оваа енигма која што во конкретната ситуација се испречува пак низ дијалог, пак така трезвено мирољубиво и политички агресивно може да ја постигнеме и во надворешната политика целта за меѓународно признавање на Македонија.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Дами и господа пратеници,

Информацијата за меѓународната активност на Македонија ги опишува активностите на дипломатијата на Републикава во поглед на афирмирањето на глобалната политика, а во врска со решавањето на југословенската криза, а потоа политика во врска со активностите околу признавањето на државата од страна на Европската заедница и другите европски држави.

Судејќи според бројот на контактите со разни делегации од многу европски земји општа е констатацијата дека тоа беше една жива активност која во догледно време ќе се крунисува со соодветни резултати.

Читајќи го внимателно текстот не можев а да не го признаам фактот дека таа активност се одликуваше со следното:

Презентирање на државните интереси напоредно со истакнувањето на посебниот интерес кон положбата и животот на македонците насекаде во светот, а со запоставување, во извесна мера, на интересот за положбата на граѓаните на Македонија во европските земји.

Една ваква појава ќе беше многу зачудувачка, а посебно ќе создаваше општа загриженост кај граѓаните да не се соочевме со актуелните поделби во овие простори.

Заслугата на Министерството за односи со странство во поглед на афирмирањето на миролјубивата политика на Македонија е голема, но сепак треба да се истакне и реалниот факт дека барем досега еднонационалниот состав на оваа министерство ни дава на знаење дека Владата, наоѓајќи се пред дилемата дали треба да ја афирмира државната

политика или националната, се определила за втората. Така се доаѓа до општ заклучок дека благосостојбата на националната групација е на прв план додека таканаречените граѓански групации треба да ја водат сопствената грижа.

Од новинарските извештаи за последните посети на македонските државници во Европа дознавме дека грижата за националност била многу поприсутна од грижата за државното и граѓанството. Таквото однесување не само што не ги ублажува меѓунационалните рани, туку уште повеќе ги заострува затоа што кај обичниот граѓанин создава чувство на запоставеност и негрижа, па дури до одредени фрустрации.

Посебен придонес во афирмирањето на општата политика што се креира во Собранието на Македонија даваше претседателот на Републиката и членот на бившото Претседателство на СФРЈ. Таа политика тргнуваше од претпоставка дека Македонија е решена кризата во Југославија да се надмине по мирен пат и договор меѓу државите тргнувајќи од принципите од рамноправноста на републиките. Не ми е познато од кои причини една партиска припадност е претставува во текстот како државна имајќи го предвид фактот дека бившиот потпретседател на претседателот не посетил ни една земја во својство на потпретседател на претседателот туку како лидер на партија. Кога го имаме предвид фактот дека за време на неговиот престој во САД печатот во негативна конотации пишуваше за неговата посета и дека за истата посета тука во салата на Собранието од устата на највисоките раководители на Републиката се изрекоа доста критики. Искрено се сомневаме во содржината на текстот кој зборува за активноста на бившиот потпретседател на претседателот во поглед на афирмирањето на независната политика на Македонија.

Непознати се причините зошто ништо не е напишано за контактите на потпретседателот на Собранието со Хелсиншката група или со албанскиот министер за надворешни работи,за контактите на координаторот на Пратеничката група на ПДП со многу истакнати личности од Европската дипломатија, како и за содржината на тие разговори. Ова го истакнувам од причина дека во последно време се манипулира со една констатација дека албанците на тие разговори обично ги бранеле националните интереси наводно на штета на интересите на државата. Такво едно размислување е штетно во поглед на подобрувањето на националните односи. За таа цел во кратки црти ќе изнесам се што е речено од наша страна во тие контакти.

Како прво е речено дека Македонија зачекорува кон креирање на нови односи кои како основа ги имаат демократските опции како во внатрешниот живот така и во надворешната политика. Сме го истакнале фактот дека патот кон вистинската демократија не е лесен и краток и дека демократските трендови треба да се поддржат од сите граѓани на Републиката без оглед на нивната национална припадност.

А сме истакнале дека патот кон независна држава исклучувајќи ја опцијата за мини Југославија е реалниот пат кој може да создава претпоставки за рамноправен живот. Тргнувајќи од ова отфрламе секаква идеја за Македонија во Југославија или за Македонија под протекторат на некоја друга држава. Ако граѓаните на Македонија се цврсто решени да создаваат нова држава врз рамноправна основа, тогаш патот за решавање дури и на проблемите кои изгледаат нерешиви ќе ни биде појасен и полесен. Тоа што посебно сме го истакнале во разговорите со странските дипломати е нашето незадоволство со некои уставни решенија кои ги рангираат граѓаните на нации и националност а не ги рангираат на категорија на граѓани потполно рамноправни без оглед на националната и верската припадност.

Исто така, често пати сме истакнале дека рамноправноста треба да ги опфати сите сфери на живеењето тргнувајќи од економската информативната и школската сфера, па се до вработувањето и пропорционалната застапеност во органите на власта. Свесни сме дека тој процес ќе оди побавно особено кога ги имаме предвид разните опструкции што секој ден ни се наметнуваат од разни бирократски структури, но убедени дека тој процес еден ден мора да тргне и да победи. Извесни знаци на добра волја овие денови се добиени од Владата со некои конкретни решенија од областа на образованието. Останува посмело да отвориме процес за решаваше и на други присутни проблеми од нашето секојдневно живеење, а со цел да му докажеме на светот дека тој што е способен и трезвено мисли за сопствените проблеми е способен да им помогне и на другите. Се надевам дека отворените дилеми во најскоро време ќе ги симнеме од дневниот ред.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Има ли нешто во моментов посуштествено, историски и национално подетерминантно што ги исполнува исцело државно- правниот статус во Република Македонија во меѓународна заедница на народите т.е. меѓународната верификација на Македонија. Ако за соседните нарцисоидни скептици преоптоварени со националниот фанатизам нашето повторно раѓање како факт, како нужност цивилизациска значи рушење на нивните вештачки и болно создадени вековни бариери, тогаш што би значел нашиот приод кон ова прашање и тоа погледнато од неколку аспекти.

Прво, од аспектот на внатрешната политика и односот на политичките сили во поглед на националниот и државен интерес на Република Македонија, т.е. политички консензус.

Второ, од гледиште на надворешната политика како реален однос на сегментот внатрешна политика.

Трето, од гледиштето на субјектот политичар, ангажман и неговата стручна надградба во меѓународната политика и

Четврто од аспект на информативен систем вклучен во функцијата на меѓународното признавање на Република Македонија, пласирање и добивање на повратна информација.

Односот на разноликоста на политичките сили во Република Македонија, недвосмислено зборува за тоа дека тој е таков и не можеше да биде поинаков, затоа, тој е комплексен и е одраз на целиот оној баласт од минатото, идеолошките комплекси и парадокси што се создаваат за времето од 45 години во рамките на недефинираниот однос и статус на Македонија во поранешната а сега веќе истрошена држава, како и за недоволно изградeното чувство и слух за сопствена национална држава во која целосно и до крај созрева нацијата. Врз основа на тоа исклучувајќи го минатото кое е, сепак, доста релевантно за допојаснување на сегашноста, нашиот политички живот и политички интереси во текот на подолг период на државен и национален план има дисонантен карактер, а особено од страна на конспиративниот блок создаден во македонскиот парламент кој заобиколуваше во првичните фази, за поизвесен период со намерна апстиненција да се согледаат дефинитивните и неизбежни случувања во ЈУ- хаосот, па да се приклучи кон националната влечна локомотива .Секако, секогаш тука се користеше и сеуште се користи мудрата изрека: влечење на потезите во вистинското време. А кој знае дали воопшто ќе знаеме кое е тоа право време, чекајќи ја новата ЈУ- заедница и љубов неверна кон неа

според нивните програмски определби и заложби дури и на оваа говорница. За аргументација се доволни само стенограмите и говорите во текот на минатата година.

Немајќи алтернативи, во тотална изгубеност на идеолошкиот космополитизам, фарисејско братство и единство и формирањето на вештачка ЈУ- заедница без национален елемент и реална државна рамка конспиративниот блок мораше со сопствена лукавост да ги презема по сила на приликите дури и да го остварува во очај и без алтернативност новородениот национален интерес на Македонија, во заокружувањето на државата и нејзината меѓународна верификација. Но сепак со извесен срам и со призвук на граѓанска држава. Каков парадокс- стара идеологија со граѓански манири. Навистина чуден спој на нешто што не може да се спои од никакви критериуми и одредени услови а од друга страна прифаќањето на туѓите програмски определби. Болна и трагична ќе биде состојбата кога преземените туѓи програмски пердуви принудно и спонтано ќе отпаднат од птицата на која идеолошки и воопшто не и припаѓаат.

Ни чудно ни случајно, надворешната политика беше обусловена од ваквите состојби и реални односи и дури ни на конференцијата во Женева нашиот недоволен однос и национално државен интерес не дојде до потполн израз, па сепак допуштивме да бидеме претекнати од оние во Републиката што ги сакаат парцијалните и себични интереси во поглед на автономизмот и дури бараат непризнавање на Македонија. Тргнувајќи од тој аспект надворешната политика сеуште беше затемнета од сегментот на внатрешната политика и големата дилема и недефинираност околу ЈУ-заедницата.

Следејќи ги настаните и новите трансформации во европските земји за кои сценариото веќе беше познато, направени се повеќе чекори на

нашата дипломатија, дел поволни и реално очекувани, но некои беа и неодговорно остварени од стручен аспект компетентност и надвор од надлежностите уставни кои им припаѓаа. Основен пример посетата на Грција и Бугарија.

Несомнено кога сме на овој дел од прашањето што сме можеле а што не сме постигнале,еден многу важен елемент недоволно беше вклучен во ова надворешна презентација на Македонија и нејзиното меѓународно признавање, тоа е информативниот систем надвор од нашите граници, со наши директни претставници и известувачи професионално верзирани, што ќе ја пласираат нашата национална определба но ќе добиеме и повратни информации релевантни за нашата позиција надвор од Република Македонија. И наместо тоа, откако некои контури на надворешната политика требаше да се видат, па ни се случи за таа надворешна дипломатија да се вклучат истовремено повеќе известувачи без суштинска потреба и без логиката на скромност и заштеди и пак по стариот стил и метод како во ЈУ- заедницата за секој настан свој коментатор, свое видување од свој аспект од секоја информативна куќа. Во секој случај,можевме толку, остваривме толку и тоа е во рамките на реалните политички сили и создадени реални политички односи на парламентаризмот во Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, по повод Информацијата би сакал да дадам едно мое видување во врска со меѓународната активност на Република Македонија.

15-ти јануари 1992 година денот "Д" долго најавуван и очекуван можеби и со претерана еуфорија кон што придонеле и врвните раководители на Република Македонија со нивните помалку еуфорични изјави. Нормално во соработка со средствата за јавно информирање, кои

секој чекор и секоја изјава изречена во полза на Македонија и нејзиното меѓународно признавање го сметаа за готова работа, без да се има слух и осет за статусот на државата кои беа против, а и сеуште се против нејзиното меѓународно признавање на што и денес многу активно работат.

Иако Арбитражната комисија се изјасни позитивно за Македонија, а не е најдена ни една пречка барем правна во врска со македонското меѓународно признаваше Македонија сеуште меѓународно не е призната. Но очигледно дека постојат и политички пречки кои требаа да се имаат во предвид. Настрана од притисокот што го врши Република Грција на кој не би сакал да се задржам во моето излагање а истото важи и за Република Србија и нивните доскорешни зачестени посети на релација Белград- Атина и обратно. Но, би сакал да се задржам на причините и слабостите од нашата страна, што во голема мера допринеле Македонија да не биде признаена во пакет со Словенија и Хрватска, иако од говорницата на овој парламент многу пати беше потенцирано од врвните раководители на Република Македонија дека признавањето ќе оди во пакет со двете веќе самостојни држави Словенија и Хрватска.

Одлуката на Европската заедница за меѓународно признавање на Словенија и Хрватска, односно непризнавањето на Македонија покажа дека активноста за меѓународно признавање на Македонија не само што требаше да почне многу порано и не смееше да се сведе само по се изгледа недоволниот број контакти на Македонската влада нарочито на Министерството за односи со странство и нејзиниот министер господин Денко Малевски, туку требаше да биде многу поширока односно многу поосмислена и многу поофанзивна. Во тој контекст под знак прашалник се става зошто толку долго македонската дипломатија чекаше да оствари

контакти со земјите кој на некој начин пројавија желба за признавање на Македонија, а тоа требаше да се оствари во соработка со нашата еминентна емиграција која се докажа на национален план и која сега се наоѓа во склоп на македонското лоби кое за жал многу доцна е активирано но се надеван не и предоцна. Макар што беа општопознати историските јавни и тајни претензии и аспирации на соседните земји и нивната политика спрема Македонија и македонскиот народ. Министерството за односи со странство направи малку да ја отапи острицата на нивната се поинтензивна меѓународна пропаганда за негирање на Македонија, и македонската самобитност. Владата малку стори широко да се афирмира и пропагира македонската идеа во светот, да се пропагира желбата на македонскиот народ и граѓаните на Македонија за независност, самостојност и меѓународно признавање. Ако тоа беше направено сигурно е дека повеќе угледни членови, а посебно генералниот секретар на Советот на Европскиот парламент, Госпоѓата Катрин Лалимиер уште на 11 декември 1991 година не ќе му објаснеше на претседателот на македонското собрание дека е "потребно до Владите на европските држави повеќе и почесто да доставуваме информации за Македонија" и сугерирано е "Македонија да отвори свое претставништво во Брисел", а и укажувањата од наши бизнисмени беа во тој смер, дека многу малку се знае за состојбите во Македонија и нејзините економски и политички можности.

Во контекстот на сето горе изложено може да се констатира дека надворешната дипломатија на Македонија не знаеше што сака, но на мислење сум дека повеќе се залагаше за Југославија отколку за Македонија иако на секого веќе одамна му беше јасно дека СФРЈ не постои. Во прилог на горе изложеното би се навратил на 28 август 1991 година само 10 дена

пред одржувањето на референдумот за самостојна Македонија на "меморандумот" припремен од Републичкото министерство за односи со странство и министерот Денко Малевски,упатен до Европската заедница на гореспоменатата дата во кој се зборува "за статусот на Македонија во југословенската заедница" за "нужноста од темелна реконструкција на Југославија" за тоа дека "во идното уредување на Југославија треба да се избегнат две опасности по европските токови сецесионизмот и унитаризмот во Југославија".

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (продолжение)

И самиот наслов на Меморандумот меѓународната позиција на Република Македонија и нејзиниот статус во Југословенската заедница зборува многу, така што излишен е секаков коментар освен што Македонија однапред влегувала во секоја комбинаторика со Југославија. И како круна на сето горе изложено уследи глава VI од новиот Устав на Република Македонија во која се зборува само за некакви сојузи, а нема ниту збор за тоа дека Македонија мора да води и да има своја самостојна и независна меѓународна политика. Кога не би било трагично би било смешно со член 14 од Уставниот закон се предвидува Македонија на меѓународен план да ја застапуваат сојузните органи, односно сојузниот секретар за надворешни работи, иако Владата со Одлука ги повлече сите наши претставници од Сојузниот секретаријат за надворешни работи. Како резиме на сето горе изложено стои констатацијата дека македонската надворешна дипломатија на чело со министерот Денко Малевски катастрофално потфрли, дали од незнаење, или несакање, но на мислење сум дека нашите дипломати се соживеале со улогата на спасители на веќе одамна мртвата Југославија, а многу малку со улогата на темелители на независна и самостојна Македонија. Следствено секој за своите грешки мора да ги сноси и последиците и пред македонскиот народ, а и пред историјата на која се надевам и ние ќе бидеме свидетели. Во склоп на горе изложеното би се осврнал на следново. Покрај надворешните антимакедонски кампањи свидетели сме на нова атимакедонска кампања од некои екстремни припадници на албанските партии во Македонија што никако не оди во прилог на меѓународно признавање на Република Македонија. Впрочем и Конгресот на ПДП беше во тој правец, а и заложбите на лидерот на гореспоменатата партија се во спротивност со заложбите на Република

Македонија за нејзино меѓународно признавање. Но, се надевам искрено дека Албанците во Македонија ќе сфатат дека ова е нивна татковина и дека меѓународното признавање на Република Македонија е и нивна придобивка, ако навистина го мислат она што многупати го изрекоа од говорницата на ова Собрание дека Македонија е заедничка татковина на сите оние што живеат на нејзина територија. Во исчекување сме на 17 февруари по кој се надевам дека ќе можеме да констатираме дека е завршено едно макотрпно поглавје од македонската историја.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани дами и господа, ќе се обидам да бидам конструктивен и оваа точка не ја сфаќам како некое повикување на некоја одговорност или така нешто слично, туку да дадеме една визија за нашите идни активности на нашата држава во склад со нањето меѓународно признавање.

Веднаш на почеток би сакал да се задржам на три моменти од говорот на министерот Денко Малевски, ќе го цитирам каде што вели дека "Југославија го изгуби својот идентитет" на почеток, потоа дека "најважна задача е ја сочуваме внатрешната демократија" и каде што се цитира делот од писмото до ЌЕПС, каде што вели цитирам "со распаѓањето на Југославија, Македонија е самостојна држава". Мислам дека овие три моменти многу кажуваат и мораме нашите активности да ги насочиме кон овие три спомнати тези. Морам да кажам дека многу се карактеристични, поготово првиот каде што вели "Југославија го изгуби својот идентитет". На мислење сум дека мора многу порешително да тргнеме кон ова наше меѓународно признавање, да не се многу осврнуваме што било до сега, како било, да не бараме кривци, туку со идеи со ангажман на сите македонци, независно, кога велам Македонци мислам на граѓаните на Македонија,

независно од националност една организирана, една јако организирана да ја наречам кампања за признавање што можевме да видиме од примерите на Словенија и Хрватска и еднаш засекогаш да завладее едно наше македонско национално единство, едно национално помирување и желбата за признавање да не сплоти сите  нас, независно кој од која партија е или од која националност е. Морам да кажам дека со некои наши досегашни активности, може сме дале на тоа да збуниме некого во Европа, ајс на минатата седница говорев за овие наши поврзаности во овој остаток мислам и ценам дека во оние моментално затекнати во бивша Југославија и мислам и ценам дека во оние моменти кои што не се толку болни, дека треба многу поенергично да одиме во ова наше раздвојување, така да го кажам од остатокот на бившата Југославија. Ние сакале или не веќе сме во тој редуциран сојуз и тоа во телекомуникацискиот систем, во железничкиот сообраќај, во патниот сообраќај, во електроенергетскиот систем, во аеротранспортот, во метеорочогијата, царински и стопански комори, синдикат, Уставен суд на СФРЈ, статистички заводи, дипломатијата, еве упативме повик но сеуште нашите се таму, армијата имаме скоро 10 000 наши луѓе таму, дури и нашата територијална одбрана што е доста карактеристично, сеуште оди со униформите од бившата армија на Југославија. Потоа информативниот систем ние сеуште сме опсипани со информации од ТАНЈУГ, нашите весници на радио на телевизија, “Нова Македонија”, “Вечер” итн., скоро сите главен извор на информации ни е ТАНЈУГ, што за мене е непријателска агенција во однос на Македонија. Еве сега слушам ќе учествуваат наши во песна на Евровизија, спортот исто така, за кој што многу зборев, дури и на СНН на америчкиот најгледан канал се зборува за некој српски динар во Југославија.

Е сега во оние области кај што е многу потешко раздвојувањето, телекомуникацискиот, електроенергетскиот систем, патничкиот сообраќај, тука е мислам илузорно сега веднаш да одиме во некое раздвојување од причина што и самите ќе имаме голема штета. Но, во Стопанска комора на пример мене не и е јасно што бара претседателот на Стопанската комора да е од Македонија, или Синдикатот или во Уставниот суд не ми е јасно што бара Македонец таму на бившата Југославија, дури стигнавме дотаму да еден македонски стручњак за уставно право, јас го гледа на телевизија да во изготвувањето на Уставот на оваа таканаречена идна Југославија, што за мене е поразително за нас Македонците. Од таа причина јас го потегнав и она за спортот, за нашите спортисти, за нивното повлекување и ред други работи. Ценам дека можеби од тоа што не ја знам вистинската улога на господинот Васил Тупурковски во Америка, ценам дека во овие моменти треба да биде многу повеќе искористен во оваа борба за наше меѓународно признавање, од причина што сите добро знаеме него му се во секое време отворени вратите кај сите овие министри во Европската заедница. Повторувам уште еднаш дека јас не ја знам неговата улога па можеби и грешам а и посебно сакам да нагласам дека во идните активности на оваа наша борба за меѓународно признавање, мораме акцент да ставиме и на сите оние наши граѓани Македонци, што по било која приватна врска имаат познанство во цел свет со овие односно со било кој угледни државници итн., посебно сакам да се осврнам на една категорија граѓани кај нас тука апострофирани како деца бегалци, јас тврдам дека во таа категорија граѓани 50-60 годишници кои се школуваа, израснаа во врвни стручњаци во источните земји, ценети граѓани, јас не знам колку се тие вклучени, бидејќи тврдам дека има меѓу нив истакнати луѓе кои што имаат доста лични познанства, и мислам дека треба да се искористи секое лично познанство

во оваа наша борба за меѓународно признавање. Исто така мислам дека треба да се искористат и сите оние наши гости, поети, на Струшките вечери на поезијата. На оние летни семинари за македонски јазик во Охрид. Доволно е нашата држава да им упати со некој писмен повик, доволно е едно нивно писмо само да напишат во своите држави. Ние мораме многу поорганизирано, поофанзивно, поагресивно да одиме во оваа наша кампања за меѓународно признавање.

И на крај само уште нешто би сакал да кажам дека во еден од заклучоците од оваа расправа предлагам да се покрене иницијатива за формирање на една експертска група која ќе изготви аргументирана анализа за тоа што се нашата држава Македонија вложила во бившата Југославија, почнувајќи од 1945 година од тутунот за кој што и отиде нашиот прв претседател Ченто, па се до овој сега невиден воен грабеж што го врши војската, од причина што мислам дека кога тогаш овој делбен биланс ќе мора некоја експертска група во Европската заедница да го покрене и од причина што мислам дека мора поаргументирано да настапиме како држава.

Благодарам.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо, еве дојдовме до една точка кај што многу внимателно ги слушаме исказите на нашите пратеници, многу внимателно јас лично го следев зборувањето на господинот Денко Малевски , министер за надворешни работи. Будно и трезвено ги следам настаните што се случуваат во земјава и надвор од неа околу признавањето на нашата држава Република Македонија и велам добро е што овде имаме напишани, сме напишале или некој ни напишал реферати. Добро што и малку критички се однесуваа би рекол, така рекол и

господинот Малевски, демократијата носи спротивности и по пат на демократски дијалог ќе се потрудиме да се надминеме себеси во објаснувањето на нештата', но постои еден факт. Нашата Република изгледа, ние граѓаните на Република Македонија па и ние што сме овде пратениците, ние самите себеси не можеме да се надминеме во нештата. Кога зборуваме за меѓународното признавање на нашата држава, кога сите копнееме по тоа, и ако имаме само еден факт во обѕир, одењето на нашиот претседател господин Глигоров во Америка и средбата со претставниците од Меѓународната банка за обнова и развој, јас многу трезвено ја пратам конференција за печат овде, дека Меѓународната банка за обнова и развој, веднаш ќе помогне односно веднаш ќе стапи во дејство, веднаш по признавањето на Република Македонија. Тоа значи ние треба да бидеме единствени, немојте да ги минимизираме датите, да ги минимизираме активностите на поединци, на господинот претседател на Републиката, министерот за надворешни работи, господинот претседател на Владата и другите што го прават тоа. Минимизирањето за нас е неуспех, минимизирањето доаѓа до странски уши, тоа се слуша, ова се пренесува. Неспокојот внатре од поединци да речам некоја национална групација доаѓа до ушите на секого, ако и тоа е демократија, дали е тоа така. Мораме да се контролираме себеси и како партија и како луѓе, и како пратеници. Многу достоинствено треба од оваа говорница да ададеме признание на се она што прави Владата, односно што прави господинот претседател на Републиката. Оние напори што се чинат во Европа на сите инстанции од комисии до не знам каде и во Америка патувањето, она лоби што е усвоено во Америка и Австралија, па тоа не е за потценување, и немојте овде да се натпреваруваме, која беше таа партија што почна, а некои не даваа, некои препишуваа успеси на себеси итн.

Морам да речам дека многу лошо јас лично гледам на тие работи. Многу лошо заради тоа што од каде мојот сосед знае што јас мислам, што јас мислев пред икс време, паздали можеше да се сложам со мојот сосед со комшијата да направиме една бурна акција, па да направиме растур цела Македонија. Значи дојде времето се застана на своето и не смееме да се лажеме себеси, опростете на терминот "лажење" го употребувам. Ќе ви кажам зошто. Неќна гледав во Куманово голем народен собир и плакати на српски напишани, "го излажавте народот" така сакаа да кажат. Заради тоа што ние овде спроведовме референдум и во волјата на граѓаните искажана преку референдумот беше со право да стапиме во иден сојуз на суверени држави на Југославија. Ние како држава најверојатно не се откажуваме од тоа право како обврска, во потполно рамноправни услови со другите држави, самостојни, признати до колку и тие сакаат на друга основа, на рамноправна основа, не политиката на постариот брат, впрочем со овие зборови... Некни го посетивме амбасадорот на Германија во Скопје, потоа беше една посета на Шуто Оризари и малку водевме разговори, српски зборува човекот, тој вели "то је много мудро" и ние мораме така да настапиме. Јас мислам дека не ни треба конфронтации. Никој, да употребам народен збор не јаде од тука, ние гледаме што прави војската, па гледаме тие материјални блага како се влечат, но верувам колегата Пановски што рече, дека еден ден ќе дојде со голем знак на прашање, не пред нас овде, пред светот, пред Европа, пред Обединетите нации, што е тоа што е однесено од сите републики таму. Зашто како републики, односно постоеше Југославија со почетен биланс со кои средства, извори на средства. Ние имаме една голема армада од материјални блага, мислам за употреба во војни цели. Тоа е сето однесено од сите републики. Кој колку учествувал и каде учествувал и колку ќе подели и кој ќе земе? Сигурно ќе стане збор, ако нас не не слуша некој, светот ќе не слуша.

**ФАИК АБДИ: (**продолжение)

Ако не можам да излезе на крај некоја си голема земја, Арабија према една мала Кувајт, па сигурно и овде мода да се најде начин и средства по мирен пат да се дојде до саканото. Ова што е овде изречено, луѓето стојат на чело на државата од аспект на нашата надворешна политика, или не знаеле, или не сакале итн., јас би рекол не може да се натпреваруваме во тоа, ова се пренесува на радио и телевизија, народот ни е гладен. Се спрема голема социјална тензија. Ние имавме сега пауза до 1,5 час и шетајќи малку еден човек на турски ни кажа една работа живина, стока, месо, слога, државата. На стомакот не може јама да му се стави. Еднаш овде господинот потпретседател на Владата кажа дека 70% од нањето производство оди во другите републики, во другите држави. Да се постави прашаше овде што бараат нашите стопанственици односно Стопанска комора на Македонија во Белград и пошироко, ние не можеме да се затвориме не смееме да биде затворени;:. Нашиот народ мора да го знае тоа. Ние мора да работиме со соседите и со Србите и со Хрватска и со Словенија. Ние мора да купуваме и да продаваме и со другите земји. Заради тоа немојте такви прашања да поставуваме. Ние мора да се избориме за еден добробит. Добро е што го сочувавме мирот и понатаму таа мудра политика да се води, да не дојде до ескалација на несаканото. Ете да дочекаме на 17 изборот да биде позитивен. Дали тогаш ќе критикуваме, дали тогаш ќе најдеме некоја, така да речам "вошка"

Да се согласиме, од нашата слога ќе зависи многу нешто. Јас потполно се согласувам со претходниот дискутант дека треба да најдеме заеднички сили, заеднички јазик барем по ова прашање, а понатаму пак ние ќе се бориме за рамноправност. Пак ќе видиме што со пописот, ќе видиме дали ромите ќе учат 3 часа неделно Ромски јазик. Ќе го видиме тоа, тука е тоа нема да избега, или албанците, или не знак кој друг итн. Се ќе биде. И

нашата агенција "МИА" дали ќе се викала МИА или ИА ќе најдеме заеднички јазик. Тука сме ние ќе го направиме тоа. Ние донесовме Закон за одбрана, дали имаме средства да обезбедиме пола граници, тоа е скапа работа. Каква таква Република ние ќе најдеме начин нешто да сториме тука. Нашите стопанственици се жалат, некни бев во фабриката Комуна се жалат луѓето дека се големи даноците од доход, од личен доход. Приватниците се жалат. Тоа е наша држава. Цехот кој ќе го плати. Ова е сиромаштија, нема производство. Кога ќе биде зголемено производството тогаш ќе бидат даноците помали, затоа што тој квантум ќе го покрие поголемо производство и ќе остане повеќе за во џеп, за подобар живот итн. Тоа мора да му го објасниме на народот, мора да го знае нашиот народ. Затоа овде апелирам според сите пратеници овде да ја оставиме битката на пратеничките партии, политичките кој прв почнал, како почнал. Опростете да не се занесуваме со такви работи. Јас мислам дека треба да изразиме доверба на нашите раководители и понатаму да ја водат оваа наша заедничка држава напред и да се избориме за нејзино конечно признавање и од соседите, и пошироко, Европа и можеби еден ден ќе се радуваме многу убаво. Јас мислам дека брзо ќе дојде тој ден, па овде ќе има и ракоплескаше и ќе се почастиме.

**СЕФЕДЕН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господо,

За Информацијата за меѓународната активност на Република Македонија кажаа претходните дискутанти, но јас и покрај тоа ќе се задржам и на некои други актуелни проблеми со кои Македонија ќе се соочува моментално, а кои се и тоа како потребни да се решат, бидејќи во Македонија такви можности има.

Нема општествена состојба во која разумните луѓе не најдат излез. Интелигентните луѓе несреќата ќе ја свртат во општа корист, па да одиме во потрага за рационални решенија на сите спорни прашања. Тоа ќе значи тест за вистинските патриоти на оваа мултинационална заедница. Плодовите на Македонија треба да бидат демократијата, хуманизмот, рамноправноста и општествената благосостојба што се доживува во еден општествено историски амбиент кога на Балканот повторно беснее војна и се исправени пред многубројните предизвици. Ние сме за таква држава која ќе се јавува како субјект на градењето на нови односи на овој дел на Балканот, односно кои ќе бидат ослободени до сите баласти на минатото за да овозможи влез во XXI век. Ваквата определба Македонија мора постојано да ја протежира, негува и афирмира и во нејзиното меѓународно промовирање. Таквите определби ќе овозможат и добрососедски односи и мирољубиво решение на сите отворени прашања како внатре во меѓунационален план, така и во сите сфери на животот и во својата надворешна политика. Ваквото физиономирање на Македонија се надеваме дефинитивно ќе значи крај на сите фитства, мачства итн., ќе значи уште посила афирмација на националната свест и надминување на често споменуваниот синдром на самоуништување.

Новодонесениот Устав на Република Македонија во поглед на рамноправноста на нејзините граѓани односно национални колективитети не обезбедува национална рамноправност бидејќи во неговата форма, преамбулата има национална боја, а по содржина со ограничување и редуцирање на правата кои беа гарантирани со Уставот од 1974 година и создава простор за манипулирање потценување, перфидни игри и други шпекулации во однос спрема другите национални колективитети, како што ги има во оваа мултинационална заедница.

Преку Уставот би требало да се реализира низ формите на парламентарната демократија кои ќе бидат блиски до Европските цивилизациски дострели, меѓутоа останува фактот дека уставно нормираниот систем на Парламентарната демократија нема да се реализира преку ноќ и сам по себе за да се оствари суштински потреби се низа измени на оние членови кои се спорни и кои во нашето општество допрва ќе треба да се заокружуваат. Затоа потребни се огромни напори нашето теоретство и практично искуство, како и социјалната структура на реалноста во мултинационална Македонија. сеуште ни ,од далеку не се на нивото на Европскиот концепт на парламентарната демократија и не само тоа. Доколку не сакаме да останеме на периферијата на европските збивања ќе мораме да афирмираме и наши сопствени сикуств во демократските процеси и со тие сознанија и искуства да ја збогатуваме мултикултурата и мултиплуаралистичкиот концепт и систем. Овој систем во својата практична реализација не може да биде имун од спецификите на конкретниот амбиент на кој се аплицира. Се наметнува прашањето дали демократијата нуди воедначен систем на верувања кој може со успех да се примени во некоја прилика. Одборот приближно би бил овој:

Од најголемо значење е да се земе во предвид историјата, обичаите, верата, економската база и образованието на секој народ пред да се стави во движење било која уставна машинерија. Поради тоа, наша општествена мисла и политика ќе мора забрзано и фундаментално но да се промислува и упатува кој и каков Устав е примерен за мултикултурна и мултинационална Македонија. Односно во кои специфики ќе се остварува концептот на парламентарната демократија, во Македонија, а научното и политичкото промислуваше мора да ги нуди патиштата во нашето мултинационално општество. Секое заостанување и ноншаланција на овој

план може мошне негативно да се одразува врз стабилизирањето на демократските процеси и односи. Во мултикултурната заедница треба да се почитува и да се овозможи слобода на мислата. Оталиристичките режими го забрануваат слободниот тек на мислата, а со тоа и на самата човекова креација. Креацијата секогаш е врзана со умот, рационалното. Ослободена човекова мисла во нашата заедница ако сака да остане, а јас мислам дека во Македонија може и мора да се отворат низа значајни уставни прашања од сите сфери на општествениот живот и труд и да изнајде одговори на нешто што би се поставиле темелите на новиот квалитет на животот за Македонците, Албанците, Турците, Ромите, Власите и други кои живеат во овие простори. Промислувањето ослободено од бирократски стеги и нетолкувано само од аспект на тесно партиските интереси мора да го лоцира во светот имиџот на Македонија како самостојна суверена членка на светската заедница на народите.

За обезбедување на тој имиџ мислам дека е најпотребно што побрзо да го подготвиме теренот за нашата иднина заедничка и врз рамноправни односи.

Прво, мислам дека секакви преговори, разговори каде преговарачите не се потполно рамноправни се осудени да завршат без успешно. Каква ќе биде иднината на Македонија зависи од нашата сегашност, од тоа какви односи ќе градиме внатре во меѓунационалните односи, како ќе се однесуваме кон вистинските потреби на сите националности во Македонија. Дали реалните барања за рамноправност ќе ги уважиме или тврдокорно ќе ги одбиеме и дали наша определба ќе биде Европа на која се повеќе се повикуваме, или декларативна Европа, фактички тоталитарен систем. Ако со право до сега сме квалификувани како најмирна Република во немирна Југославија тоа не значи дека таа и понатаму така може да биде со оглед

на многубројните внатрешни проблеми и тешкотии како на економски, така и на политички и на меѓунационален план. Некои од тие проблеми на вештачки начин ги создаваше и поранешната Влада на Македонија, пред се во непризнавањето на изборите во општина Тетово и Гостивар. Со тој чин Владата на Македонија залагајќи се декларативно за Европа официјално постава паркет во Македонија, чин кој веќе не се применува ниту во Јужноафриканската Република. Разните прекршочни пријави против наставниците и училиштата кои почнаа да ја водат педагошката евиденција на албански јазик кои достигнале бројка на неколку илјади, нас масовно ограбување на албанското население при разните рации и земање на сите пари што ги имаат во џеб, школи и некои други рации и дома било да се наши или девизи се во функција на понатамошното заострување на односите Влада албанци и во функција на дестабилизациони трендови во Републиката. Не мал проблем е оневозможувањето на школување на околу 10 илјади ученици во средните училишта, стотици издеферинцирани наставници, работници и други од работа. Пишувањето на стотици дипломи и поништувањето на стотици дипломи издадени од ПЕ на Македонско албанска група...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повеќе пратеници ми даваат на знаеше дека време е да ви укажам дека зборуваме за меѓународната активност. Ќе имаме ние теми и за ова да се зборува. Дипломите се нешто друго.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Сите овие и низа други нерешени проблеми ги наведуваат Албанците на размислување дали Македонија под еднакво ги третира нејзините граѓани, дали Владата на Македонија преку некои нејзини министри и работи за оживотворуваше на програмски цели на некоја политичка партија,

или е експертна за создавање на конфликтни состојби и конечно дали Републиката има демократски сили кои ќе се залагаат за рамноправен статус на сите, без оглед на нивната национална припадност, вера, јазик, боја и раса. Вистинска илузија е ако некој мисли дека Македонија може да биде самостојна суверена и европски насочена земја ако во неа еден голем број на населението не ужива рамноправен статус. Илузија е самостојноста и сувереноста ако и тоа население активно се вклучува во прогласувањето и изградбата на таа самостојност и сувереност. Негирањето на волјата на еден дел на населението во другите републики допринесе денес наместо да зборуваме за мир војната ни е присутна на секој чекор. Наместо проблемите да ги решаваме преку дијалог, правиме обид да ди решиме преку нишанот на пушката. Албанците во Македонија не се против самостојна и суверена Република ако таа самостојност ја прогласиме и ја градиме со заеднички сили врз потполна рамноправна основа. Ние ќе бидеме против самостојноста која ќе ги негира нашите индивидуални и колективни права во било кој сегмент на животот, почнувајќи од економскиот, културниот, образовниот, општествено- политичкиот систем и друго. Македонија има историска шанса да ја отвори хипотеката на нерамноправност и дискриминација на национална основа. Да ја отвори хипотеката на репресивна држава, на држава на нерамноправни граѓани и вери која хипотека со децении со голема грижа е градена било под притисок, или под влијание на големосрпскиот шовинизам, или поради недостиг на оригинална политика во градењето на меѓунационалните односи.

Второ, мислам дека е најпотребно .што побрзо да се надмине ситуацијата на заработувачка што е под секое ниво на достоинството и гордоста на трудољубивиот и интегрален човек во нашите простор:

Мора да се размислува како на овие простори да се вклучи Европа, а не некаков латино американски амбиент што би значело повторно оддалечување од европската цивилизација со несогледливи последици за самостојноста на Македонија. Мора да се промислува како да се отвора простор за доминација на интелектуалноста, умот во сите сфери на општеството наспроти кримитивизмот кој се чини како наша судбина.

Трето неприлично е што во Македонија владее речиси тотален интелектуален молк односно ситуација во која многу креативни таленти се задушуваат заради немање услови за индивидуално креативно твореше. На овој план мора да се размислува како Република Македонија да го обезбеди својот економски развој преку ангажирање на сопствените материјални и кадровски ресурси. Ангажирањето на странскиот капитал да биде во функција на тој развој. Развиена Македонија, отворена кон капиталот и знаењето на Европа и светот ќе може да биде стабилна и јака.

На крај треба да се размислува за моделот кој ќе биде инспиративен и мотивиационен за големо работно ангажирање на нашиот човек и заработувачка која ќе го задржи на родната грутка, а не да го крстосува светот како печалбар. Овој модел треба допрва да се вообличува согласно на амбиентот на пазарната економија и парламентарната демократија. Амбиент кој според мое мислење ќе се гради подолго време со оглед на сложеноста на процесот на приватизацијата и новата организација на трудот што ќе ја наметнат пазарните законитости во приватниот и јавниот сектор. Но, битно е да се промени спорното во Уставот што ќе овозможи да дојде до целосен израз на национална и граѓанска рамноправност, како и до целосен израз за печалење и креација на човекот во Македонија зашто

демократијата, човековите права и слободи, но и економски богатиот живот се нужни претпоставки на стабилитетот на Македонија и на новиот имиџ што Македонија го нуди пред светот. Но тие се воедно и плодовите што сите граѓани во Македонија го очекуваат од новото општествено нејзино уредување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние успеавме да ислуше 7-мина учесници во расправата, а има уште 12. Поради тоа предлагам сега да прекинеме со расправата и да продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,45 часот).